# ПОЛИТИЧКИ ЖИВОТ

**ВОВЕД**

Од 1944 година, Албанија, Бугарија и Македонија имаат заеднички елементи во политичкиот живот како што се формирање на еднопартиски систем, наметнување на нова идеологија, создавање на устав, создавање на култ на личноста кон политичките лидери и важната улога на пропагандата во општеството. Меѓутоа, постојат и специфични елементи за секоја земја, како што е прашањето на државноста на Македонија или големото нагласување на класната борба во Албанија.

Како резултат на транзицијата во Источна Европа во доцните осумдесетти, можеле да се забележат радикални промени на политичките системи во Албанија, Бугарија и Македонија. Во трите земји дојде до формирање на разни политички партии, слободни избори и примена на човековите права. Колку овие промени се секојдневна реалност, им се остава на корисниците на овие материјали да го проценат тоа.

Политичкиот живот ги разработува следните поттеми:

**Устав**

Уставот е темел на современата држава. Тој покажува како е организирана државата и какви се одговорностите на граѓаните, какви се правата и одговорностите на граѓаните, или барем какви треба да бидат. Бидејќи понекогаш изгледа дека уставот е поинаков од реалноста, оваа потема го претставува развојниот пат на уставите на Албанија, Бугарија и Македонија од 1945 година и прави критички споредби помеѓу уставите и реалната ситуација.

**Избори**

По 1945 година Албанија, Бугарија и Македонија имаат политички системи во кои граѓаните имале право да учествуваат на изборите. Но изборите можат да се организираат на различни начини и да имаат различни политички цели. Какво било значењето на изборите во еднопартискиот систем, а какв
о во повеќепартискиот систем?

**Политички личности**

Во секое општество политичките лидери и луѓето од власта играат важна улога. Но во некои системи нивната моќ може да биде ограничена. Во други системи моќта на лидерството се негува. Оваа поттема ги бара сличностите и разликите во политичкото лидерство во Албанија, Бугарија и Македонија од 1945 година.

**Човекови права**

Човековите права се релативно современ концепт во политичкиот живот. Денес тие претставуваат еден меѓународен признат критериум за проценка на квалитетот на животот во различни земји и за проценка на моралот на власта. Ова не било така во минатото. Оваа поттема го разгледува развојот на човековите права како што е правото на слобода во политиката, правтаа на малцинствата, правата на децата и правата на жените во Албанија, Бугарија и Македонија. Колку многу овие човекови права биле приспособени и почитувани за време на разните политички режими од 1945 и дали имало разлика помеѓу теоријата и реалноста?

**Док. 1**



**Док. 2**
**Временска лента**




**Општи клучни прашања:**

1. Какви промени имаше во политичкиот живот во трите земји од 1944 година до денес?
2. Какво беше влијанието од промените во политичкиот врз секојдневниот живот?

**Док. 3**
**Државни симболи на Албанија**





**Химна на Р. Албанија**
Обединете се околу знамето,
со една желба и цел,
да дадеме чесен збор,
да се бориме за наш спас.

Само оној кој е роден издајник
се одвраќа од борба,
Оној кој е храбар не се плаши,
туку паѓа - маченик на целта.

Со цели во раце ќе останеме,
да го чуваме теренот на нашата татковина,
нашите права нема да ги оставиме во наследство
за непријателите нема место тука.

Бидејќи самиот Господ рекол,
дека нациите исчезнуваат од земјата,
Но Албанија ќе живее и понатаму,
бидејќи за неа, за неа се бориме.

---

**Док. 4**
**Државни симболи на Бугарија**






**Химна на Р. Бугарија**
Горди Балкански Планини,
До нив тече Дунав,
Сонцето ја крие својата светлина над Траце,
Грее над Пирин

*Хор:*
Мила родна земјо,
твојата убавина и шарм
Ах, никогаш им нема крај

Многу борци го дадоа својот живот
За нашата мила нација,
Мајко дај ни сила,
Да ги следиме твоите стапки

---

**Док. 5**
**Државни симболи на Македонија**





**Химна на Р. Македонија**
Денес над Македонија се раѓа,
ново сонце на слободата
Македонците се борат
за своите правдини!
Македонците се борат
за својте правдини!
Одново сега, знамето се вее
на Крушевската Република
Гоце Делчев, Питу Гули
Даме Груев, Сандански!
Гоце Делчев, Питу Гули
Даме Груев, Сандански!
Горите македонски шумно пеат
нови песни, нови весници
Македонија слободна
слободна живее!
Македонија слободна
слободна живее!

# УСТАВИ

## АЛБАНИЈА

**Клучни прашања**

1. Какви видови на промени се направени на политичките системи од 1944 во односните земји?
2. Како уставите го создадоа политичкиот систем?
3. На кој начин теоретската цел се разликува од практичната употреба/реалност?

**Док. 6**
**Политички систем по Уставот од 1946**

**Народно собрание ( Н. С.)**
- врховна државна власт
- се бира на секои 4 години
- се свикува двапати годишно
- составува, одобрува и отповикува закони
- го менува Уставот

**Президиум на Народното собрание**
- постојана државна власт избрана од Н.С.
- ја толкува усогласеноста на законите со Уставот и донесува закони
- применува право на помилување
- назначува и разрешува министри
- прогласува општа мобилизација во случај на агресија
- објавува референдум
- ратификува меѓународни договори
- назначува главен обвинител и државни обвинители

Врховен суд
Главен државен
Обвинител

**Влада**
- Врховна извршна и командна власт на државните сили.
- назначена е од Н.С.

**Народни совети**
- бираат општинска власт
- на секои две години (локални)
- на секои три години (покраини, административни подрачја)

**Док. 7**
**Политички режим согласно со Уставот од 1946**

Член 1
Албанија е Народна Република во која целата власт произлегува од народот и нему му припаѓа.

**Док. 8**
**Суштината на Уставот од 1946**

…Риза Дани стана и направи провокативна инсинуација против суштината на нацрт-уставот... Тој продолжи да го напаѓа нацрт-уставот, бидејќи, според него, тој бил “идеолошки, а не национален во дух”! - Јас се заземам за слободна демократија и сакам тој устав да биде инспириран од тој принцип! - изјавил Риза Дани…Се разбира, Риза бил за одобрување на “слободна” буржоаска демократија, така што тој и неговите луѓе би биле навистина ослободени од профитирање за да бидат елита на нацијата и да одлучуваат за нејзината судбина според нивните лични интереси.

*Е. Хоџа. ѓи йосшави шемелише на нова Албанија, Тирана 1984*

**Док. 9**
**Политички партии во Уставот од 1946**

…На друг состанок на Народното собрание, друг соработник на Дани и Кокоши покренал прашање со кое тој барал формирањето на други “демократски партии, кои, изјавил тој, “треба да постојат на ист начин како и Комунистичката партија на Албанија.” Сите од Собранието станале и го отфрлиле неговиот и предлог и целите...

*Е. Хоџа.ѓи йосшави шемелише на нова Албанија. Тирана 1984.*

**Док. 10**



*11 јануари, 1946, прогласување на Народна РепубликаАлбанија*

**Док. 11**
**Од судскиот процес против Шефкет Беја, Потпретседател на Фронти, на04.09.1947**

*"Демократска ренесанса" весник, 12.10.1991*

**Прашање:** Дали сте рекле дека ова е апсолутистички режим?
**Одговор:** Да, бидејќи овој режим ги брани интересите на една партија.
**Прашање:** Зошто ја сакате западната демократија?
**Одговор:** Пред сé, тоа е прашање на мислење, бидејќи принципите на оваа демократија (народната демократија) не се како оние од Запад каде што има реална демократија.

**Док. 12**
**Политички систем во 1976**

Член 1
Албанија е Социјалистичка Народна Република.
Член 2
Народна Социјалистичка Република Албанија е држава на диктатура на пролетаријатот, која ги изразува и брани интересите на работниот народ...
Член 3
Албанската работничка партија, авангарда на работничката класа, е единствена политичка водечка сила во државата и општеството. Во Народна Социјалистичка Република Албанија владејачка идеологија е марксизмот-ленинизмот. Целиот политички поредок се развива врз основа на нивните принципи.

**Док. 13**
**Зграда на Албанско народно собрание**



**Док. 14**
**Зграда на Совет на министри**



**Док. 15**
**Политички систем согласно со Уставот од 1976**

**Народно собрание (Н.С.)**
- врховна државна власт
- се бира на секои 4 години
- 250 членови
- ги дефинира главните правци на внатрешната и надворешната политика
- го одобрува и менува уставот
- одобрува државен план
- објавува општа мобилизација во случај на агресија
- ратификува меѓународни договори
- одлучува за референдум
- составува, одобрува и отповикува закони
- назначува главен обвинител и јавен обвинител
- го избира, одобрува/распушта Президиумот, Советот на министри

**Президиум на Народното собрание**
- постојана државна власт
-доделува ордени и доделува почесни титули
- го применува правото на извинување
- дава државјанство и дозволува да се отповика¨
- административна поделба на Републиката
- ги извршува меѓународните договори

Врховен суд
Главен јавен обвинител

**Совет на министри**
-избран од Н.С.
-врховна извршна власт.

**Народни совети**
Општински власти се бираат на секои три години

**Док. 16**
**Уставот од 1976 се заменува со Уставот од 1946**

*Енвер Хоџа, Извештај за активноста на Централниот комитет на Албанската работничка партија. Поднесен на 7 конгрес на Албанската работничка партија, 1 ноември 1976.*

...Стариот устав ги удри темелите на социјализмот каде што новиот устав ќе го комплетира создавањето на социјалистичкото општество. Народната власт, која произлезе од војната за народно ослободување, требаше да се консолидира и усоврши. Мораше да се задуши силниот отпор од угнетените класи и нивните заложби за обновување на минатото. Старите економски односи мораше да се прекинат и да се заменат со нови социјалистички односи. Првиот устав на Народна Република Албанија им даде на народот и на земјата права и слобода, кои служеа за решавање на овие големи историски проблеми и задачи.

**Док. 17**



*О Албанијо, убава шума Кој ќе нападна и не клечи пред тебе" Васил Лало, во "Корпата на раковите", Куќа на популарно создавање, Тирана, 1979.*

**Прашање**
1.Според ваше мислење што претставува пораката на сликата?

**Док. 18**
**1991 Главен привремен Уставен закон**

Член 1
Албанија е парламентарна република. Националниот суверенитет потекнува од народот и нему му припаѓа.
Член 2
1. Политичкиот плурализам е еден од фундаменталните услови на демократијата во албанската држава.
2. Можат да се формираат политички партии и други организации и нивните активности мораат да бидат во согласност со законот. Тие се целосно одвоени од државата.

---

**Док. 19**
**Политичка власт согласно со Уставот од 1998**

Член 1
Албанија е парламентарна република.
Член 9
Формирањето политички партии е слободно. Нивното организирање треба да биде во согласност со демократските принципи. Политичките партии и другите организации чии програми и активност се базираат на тоталитарните методи кои поттикнуваат и потпомагаат расна, верска, регионална или етничка омраза, кои применуваат насилство за преземање на власта или влијаат на државната политика, како и оние од таен карактер, се забранети со законот.

---

**Док. 20**
**Функционирање на политичката власт согласно со Уставот од 1998**

**Собрание**
-140 делегати
-врховна државна власт
-гласа и усвојува закони за:
1. организирање и работење на институциите ;
2. државјанство;
3. општи и локални избори
4. референдум ;
5. закони;
6. состојба на итност ;
7. статус на државни функционери;
8. амнестија;
9. административна поделба на земјата

**Претседател**
- се бира со тајно гласање на секои пет години;
- врховен командант на вооружените сили;
- го применува правото на помилување;
- доделува албанско државјанство и дозвола за негово отповикување.е;
- доделува ордени и почесни титули
- назначува највисоки воени рангови;
- назначува претседател на влада по предлог на партија или коалиција што формираат мнозинство;
- потпишува меѓународни спогодби

**Уставен суд**
**Виши суд**
**Апелационен суд**
**Првостепен суд**
9 членови

**Совет на министри:**
**- ги дефинира темелните правци на општата државна политика**

**Претседател на влада**
- ги предлага и презентира темелните насоки на општата државна политика и е одговорен за нив;
- ја гарантира имплементацијата на законодавството и политиката одобрени од Советот на министри

**Прашања:**
1. Споредете го Уставот од 1946 со Уставот од 1976 и 1998. Кои се разликите и сличностите?

**Док 21**
**Промена во националниот грб**

**Прашања**
1. Кои се симболите на националниот грб?
2. Што симболизираат тие?
3. Зошто се измениле?



1946-1992


1992-2001


2001-

# БУГАРИЈА

**Док. 22**
**Политичкиот систем согласно со Уставот од 1947**

**Народно собрание (НС)**
– врховна државна власт што се бира на 4 години и се свикува двапати годишно;
– изгласува,изменува и укинува закони;
–има право да го менува Уставот

**Совет на министри**
**(Претседател на влада)**
– назначен е од НС;
– врховна извршна и командна власт со државна моќ

**Президиум на Народното собрание**
– постојана државна власт, што го бира Народното собрание;
– се однесува како челник на државата

**Електорат:**
-универзално, еднакво и директно право на глас со тајно гласање

**Народни совети**
– општинска власт
–се бираат за време од 3 години

**Док. 23**
**Општи принципи на политичкиот систем според Уставот од 1947**

*Устав на Народна Република Бугарија од 1947*

Член 1

Бугарија е Народна Република со форма на влада формирана и одобрена како последица на херојската борба на бугарскиот народ против монархијата и фашистичката диктатура, и нејзиното победничко востание на 9 септември 1944.

**Док. 24**
**Гласање за Уставот во 1947**



Тоа беше на 4 декември 1947[…] Можам јасно да се сетам дека за момент вратата на Народното собрание се отвори. Надвор можам да видам возбудени луѓе.Илјадници од нив дошле од разни делови на државата. […] Сите станавме во салата. Опозиционата група остана да седи. Димитров му се обрати на Собранието, покажувајќи на илјадниците луѓе надвор: “Погледајте! Луѓето гласаат за свој сопствен устав!” - А потоа покажа на опозиционата група - “А каков вид устав тие сакаат?”

[…] Се сеќавам на возбудливиот говор на Димитров: “Ние го усвоивме најдемократскиот устав во историјата на Бугарија. Ова е наш најголем ден!” и солзи му надојдоа на очите.

*Женски магазин денес. 1981*

**Прашања**
1. Кои се учесниците во настанот?
2. Која е положбата на авторот?
3. Зошто комунистичкиот лидер Георги Димитров дал такво мислење за настанот?

**Док. 25**
**Илија Бешков - Карикатура за Уставот од 1947**




**45. — Хубава е конституцията, ама защо приказва за работа и ми се бърка в яденето (1947)**

“Тоа е убав Устав, но зошто спомнува работа? Тоа ми го расипува варењето.”

**Прашања:**
1. Каков настан е прикажан на док. 24 и 25?
2. Спореди ги видувањата на авторите!

**Док. 26**
**Политички систем во 70-тите**

Член 1

(1)Народна Република Бугарија е социјалистичка држава сопственост на работниците од градот и селото предводена од работничката класа.
(2) Водечката сила на општеството и државата е Бугарската комунистичка партија.
(3) Бугарската комунистичка партија управува со развојот на социјалистичкото општество во соработка со Бугарската земјоделска народна унија.

Член 5

Главни принципи на политичкиот систем на општеството: суверенитет на народот, единство на сила, демократски централизам, законитост и социјалистички интернационализам.

*Устав на Народна Република Бугарија од 1971*

**Док. 27**
**Зградата ьа Бугарското Народно Собрание**




**Док. 28**
**Зградата на Бугарскиот Министерски Совет**



**Док. 29**
**Политички систем според Уставот од 1971**

***Народно собрание (НС)***
**Претседател на НС**
- ја извршува законодавната и извршната власт на државата;
- се избира на секои 5 години;
- има власт да го измени Уставот

***Државен совет (ДС)***
**Претседател на ДС**
- врховна власт која учествува подеднакво, избран од НС;
- власт што планира седници на НС;
- законодавна иницијатива;
- има контрола над владеењето на владата

***Министерски совет** (Премиер)*
- назначен од НС
- извршна власт

**Електорат:**
-универзален, еднаков и директен борба за право на глас со тајно гласање

***Народни совети***
- државна власт во општините, регионите и подрачја;
- на секои 2.5 години

**Прашања:**
1. Кои се карактеристичните особини на Уставот, што покажувадека тој е социјалистички тип?
2. Објаснете зошто член 1 од Уставот станува предмет на силна општествена дебата по промените во 1989?
3. Најдете и покажете доказ на внатрешен развој на тоталитарен модел на држава користејќи ги документите?

**Док. 30**
**На врвот на демократијата**



*карикатура, Т. Цонев, 1988*

**Прашања:**
1. Која е фигурата на врвот на круната?
2. Што симболизира круната во политичкиот модел во 1989? Зошто тоа е врв на демократијата?
3. Што мислите која е пораката на оваа карикатура?
4. Дали можеше да се објави ваква или слична карикатура во официјални изданија (во Бугарија во 70-ти)? Објасни го твојот одговор.

**Док. 31**
**Поделба на власта согласно со Уставот од 1991**




**Прашања:**
1. Кои се манифестациите на демократизација согласно со Уставот од 1991?
2. Дефинирајте ја улогата и функцијата на претседателот?
3. Кои се меѓусебните односи помеѓу претседателот и извршната власт?
4. Анализирајте ги приложените документи и споредете ги овие политички модели.

**Док. 32**
**Промените кои се случија по 10 ноември 1989 во Бугарија**

Очигледно падот на Живков беше крај на една ера. правејќи го неговото име синоним на тоталитарен режим во Бугарија. Но падот на Живков беше извршен од хиерархијата на Комунистичката партија: тоа беше повеќе државен удар отколку револуција, а "народната власт" во Бугарија не е беше причина туку последица на промената на лидерството. По 10 ноември, уличните движења и штрајкови придонесоа формирање на народна власт, но таа главно не е или воопшто не е, радикална за да се спротивстави на традиционалните институции и идеи за постигнување промени.

*Р. Крамптон. Кратка историја на модерна Бугарија, 1994*

**Док. 33**
**Потпишување на новиот Устав, 12 јули 1991**



**Док. 34**
**Еволуција на националниот грб**




1947-1971




1971-1991




1991-

**Прашања:**
1. Какви промени откривате во симболите?
   Зошто се промениле?

# МАКЕДОНИЈА

## ДРЖАВНОСТ

**Клучно прашање**
1. Под кои околности беше прогласена Македонската држава?




**Док.35**
**Прогласување од Антифашистичкиот Совет за Народно Ослободување на Југославија: *Јајце, Босна, 29.11.1943***

**Прашање:**
1. Кои демократски права можете да ги препознаете во прогласувањето?

*АСНОМ, Документи, Скопје, 1984*

1. Суверенитетот за сите луѓе од Југославија ќе биде целосен и Југославија ќе стане матична земја на сите народи кои живеат таму и никогаш повторно нема да биде цел за хегемонија. Југославија е и ќе биде основана на федерални принципи, со кои ќе им се гарантира подеднакво право на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, на сите луѓе од Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.
2. Федералните темели на Југославија кои се засноваат на потполни демократски права значи дека дури и сега за време на борбата за национално ослободување, комитетите за национално ослободување ги претставуваат основните принципи на народна власт за некои од народите на Југославија.
4. Сите национални права ќе им бидат загарантирани на малцинските националности.

**Док. 36**
**Избирање и испраќање делегати, 2 април 1944**

Писмо од Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија до околиските Комитети за избирање и испраќање делегати на Првото заседание на АСНОМ (Антифашистички совет за народно ослободување на Македонија).

*АСНОМ, Документи,, Скопје, 1984*

Ние сакаме да видиме делегати избрани од група на 5-6 луѓе на околиските конференции. Меѓутоа, ако ова не е можно, немојте да чекате се додека не се случат изборите. Во тој случај, испратете ни делегати што ги наведовме или оние кои што вие ќе ги именувате без понатамошно одлагање, под услов тие да се во согласност со принципите што се втемелени во Октомврискиот манифест од 1943 од Штабот. Луѓето што се моментално затворени треба да се земат предвид. Делегирани луѓе кои работат илегално или се борат во нашата борба за Национална Слобода, а не можат да присуствуваат, треба да испратат свои овластени претставници на Првиот Антифашистички совет за народно ослободување на Македонија.

**Прашања:**
1. Дали делегатите се бирале на демократски начин или не? Какво е Вашето мислење.

**Док. 37**
**Учесници на АСНОМ**




*Документи, АСНОМ, Скопје, 1984*

**Док. 38**

## Учесници на АСНОМ

*Врз основа на Документи, АСНОМ, Скопје, 1984 (подготвил авторот)*

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тодор Пецов Циповски | работник | 40 | Наум Наумоски | офицер | 79 | Мара Нацева | работник |
| 2 | Јордан Блазевски | агроном | 41 | Злате Билјановски | офицер | 80 | Веселинка Малинска | чиновник |
| 3 | Чедомир Филиповски | работник | 42 | Генади Илиев Лешков | земјоделец | 81 | Лазар Соколов | економист |
| 4 | Александар Ѓоргиев | архитект | 43 | Панко Брашнаров | учител | 82 | Благоја Стефков | работник |
| 5 | Видоје Смилевски | чиновник | 44 | Бано Андреев-Ронката | офицер | 83 | Боро Димитриев | офицер |
| 6 | Д-р Владимир Полезиновски | адвокат | 45 | Страхил Гигов | офицер | 84 | Младен Георгиев | земјоделец |
| 7 | Злате Тренески | земјоделец | 46 | Мино Богданов | чиновник | 85 | Борис Чушкаров | учител |
| 8 | Кирил Стојанов | свештеник | 47 | Маца Карбева | домаќинка | 86 | Стојан Тодоровски | чиновник |
| 9 | Кемал Аголи | студент | 48 | Стоилко Костов Иванов | учител | 87 | Д-р Никола Мицев | ветеринар |
| 10 | Тихомир Милошевски | офицер | 49 | Вачхо Бурзевски | чиновник | 88 | Боро Милевски | офицер |
| 11 | Елисије Поповски | чиновник | 50 | Никола Минчев | чиновник | 89 | Трајко Цветанов | студент |
| 12 | Мино Минов | работник | 51 | Диме Туримангoвски | офицер | 90 | Васил Атанасков Ивановски | работник |
| 13 | Д-р Кирил Милјовски | ветеринар | 52 | Иван Раднански | земјоделец | 91 | Димитар Влахов | новинар |
| 14 | Вангел Чукаловски | офицер | 53 | Јован Георгиев | свештеник | 92 | Борис Атков | чиновник |
| 15 | Богоја Фотев | земјоделец | 54 | Методи Панов Џугов | земјоделец | 93 | Перо Тиквар | работник |
| 16 | Коста Јашаков | офицер | 55 | Камбер Асан | земјоделец | 94 | Кирил Тошев Крстев | работник |
| 17 | Петар Стојанов Манговски | адвокат | 56 | Лазо Калајдзиев | работник | 95 | Васил Калајџиевски | судија |
| 18 | Васил Кара Ангеловски | земјоделец | 57 | Најдо Стаменин | работник | 96 | Зивко Берајковски | земјоделец |
| 19 | Нафи Сулејман | земјоделец | 58 | Лазо Мојсов | студент | 97 | Трајче Трајчевски | земјоделец |
| 20 | Лилјана Чаловска | студент | 59 | Боро Чаушев | работник | 98 | Абдула Алија | работник |
| 21 | Илија Илиејски | адвокат | 60 | Ристо Балајџалиев | чиновник | 99 | Благое Хаџи Панзов | адвокат |
| 22 | Цветко Узуновски | работник | 61 | Димитар Зафировски | новинар | 100 | Благое Левков | адвокат |
| 23 | Наум Ташков Василевски | офицер | 62 | Иван Танев | офицер | 101 | Кирил Петрушев | топограф |
| 24 | Јонцхе Колев Трпевски | работник | 63 | Јанко Шопов | техничар | 102 | Венко Марковски | писател |
| 25 | Георги Ивановски | учител | 64 | Атанас Бојков | офицер | 103 | Панче Неделковски | офицер |
| 26 | Илија Божиновски | чиновник | 65 | Никола Пеев | работник | 104 | Петар Богданов Кочко | оперски пејач |
| 27 | Петре Пирузе | адвокат | 66 | Димитар Темeнугов | офицер | 105 | Милева Сабо | работник |
| 28 | Лазар Гинвски | земјоделец | 67 | Епаминонда Поп Андонова | учител | 106 | Асен Симиџиев | адвокат |
| 29 | Кирил Петров Чаулев | студент | 68 | Благоја Минов | работник | 107 | Димитар Миовски | доктор |
| 30 | Владо Малески | студент | 69 | Борис Поцков | топограф | 108 | Тодор Стојанов Звездин | офицер |
| 31 | Методија Андонов - Ченто | трговец | 70 | Емануел Чучков | учител | 109 | Душан Лукаров | работник |
| 32 | Вера Ацева | домаќинка | 71 | Михаил Апостолски | офицер | 110 | Славко Поп Антовски | агроном |
| 33 | Кирил Георгиевски | архитект | 72 | Лјубомир Арсов | архитект | 111 | Часлав Рангеловски | инженер |
| 34 | Борко Темелков | работник | 73 | Кирил Глигоров | адвокат | 112 | Александар Петровски | кројач |
| 35 | Димче Стојанов Миревски | учител | 74 | Исак Сион | чиновник | 113 | Атанас Великов | работник |
| 36 | Милан Костов Стефанов | земјоделец | 75 | Димче Беловски | чиновник | 114 | Васил Атанасов Василев | работник |
| 37 | Методиј Поповски | офицер | 76 | Никола Иванов Вразалски | адвокат | 115 | Димитри Манџовски | земјоделец |
| 38 | Тодор Ношпал | трговец | 77 | Кирил Михајловски | учител | 116 | Кемал Сејфула | занаетчиа |
| 39 | Томо Кутурец | чиновник | 78 | Страхил Бајовски | учител | | | |

**Прашања:**
1. Од кои класи во општеството биле бирани делегатите?
2. Помислете на причината зошто делегатите биле бирани од сите делови на Македонија?

**Док. 39**

**Атанас Атанасовски: народен пратеник од Пиринска Македонија**

**Прашања:**
1. Дали е овој документ контроверзен или не? Објаснете го вашето мислење.

*Музеј на Македонија*

"Другари, мажи и жени, народни претставници! Јас доаѓам како народен претставник од Пиринска Македонија и Ви носам топли поздрави од Вашите браќа (аплауз). Сите Македонци од Пиринска Македонија го очекуваат тој среќен ден кога наскоро ќе се обединиме со нашите браќа во Македонија, во Титова Демократска и Федерална Југославија, за да изградиме една слободна и обединета Македонија со сета наша моќ (аплауз).

Ве молам да ги превземете големите чекори во оваа работа колку што е можно поскоро, да не обедините со нашата федерална држава Македонија. Да живее Титова Југославија (аплауз).

**Док. 40**

**Декрет прифатен од Антифашистичкиот Совет на Народното Ослободување на Македонија:Св. Прохор Пчински, *02.08.1944***

**Прашање:**
1. Кои биле политичките цели што ги постигнал Македонскиот народ и резолуциите на АСНОМ?

*АСНОМ Документи, Скопје, 1964*

Член 1

Основајќи се на суверенитетска волја и правото на самоопределување на народот на Македонија, чии верни претставници се претставници на оваа Собрание, согласно решенијата донесени на II заседание на АВНОЈ (Антифашистичко веќе на народното ослободување на Југославија) во градот Јајце - 29 Ноември 1943, Антифа-шистичко собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ) се конституира како врховно законодавно и извршно претставничко тело на Македонија и македонската држава, како рамноправна федерална единица во демократска федерална Југославија.

Член 2

АСНОМ ја врши законодавната и извршна функција на македонската федерална држава, се додека оваа функција не се пренесе на Президиумот и на Народното судство на македонската држава.

Член 3

АСНОМ е составен од народни претставници, без разлика на националноста, полот, расата или политичкото убедување...

**Док. 41**
**Решениена АСНОМ**
*АСНОМ Документи, Скопје, 1984*

Член 1
Во македонската држава како службен јазик се воведува народниот македонски јазик

**Док. 42**
**Манифест од Првото заседание на АСНОМ**

...”Борејќи се за слобода на македонскиот народ, првото македонско народно собрание ГО ПРОГЛАСУВА ПРАВОТО НА ПОЛНА СЛОБОДА И ЕДНАКВОСТ ЗА СИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА.”

...”Македонци што сте под доминација на Бугарија и Грција, обединувањето на целиот македонски народ зависи од вашето учество во антифашистичката цел. Само во борба со фашистичкиот окупатор вие ќе го стекнете правото на самоопределување и обединување на целиот македонски народ во Титова Југославија, ослободена заедница на слободни луѓе и еднаков народ.”

...Браќа, Албанци, Турци и Власи. Окупаторите отсекогаш поттикнувале неслога помеѓу нас, да ја поделат и полесно да владеат со нашата земја и да го поробат нашиот народ. Вашите синови се борат во Македонската Армија, некои на командни позиции. Вашите партизани кои се бореа од почетокот на Втората светска војна се претставници во Националното Собрание. Здружете се во борба против окупаторот за да можете да се здружите во градење на слободна Македонија за сите националности.”

*АСНОМ, Документи, Скопје 1964*

**Прашање:**
1. Што се очекуваше и што се реализираше со одлуките на АСНОМ?

**Док. 43**
**Симболи на Македонската држава**

**Прашања:**
1. Дали го препознавате комунистичкото влијание во симболите на македонската држава?
2. Што симболизираат знамето и грбот?





**Химна на Р Македонија**
Денес над Македонија се раѓа,
ново сонце на слободата
Македонците се борат
за своите правдини!
Македонците се борат
за својте правдини!
Одново сега, знамето се вее
на Крушевската Република
Гоце Делчев, Питу Гули
Даме Груев, Сандански!
Гоце Делчев, Питу Гули
Даме Груев, Сандански!
Горите македонски шумно пеат
нови песни, нови весници
Македонија слободна
слободна живее!
Македонија слободна
слободна живее!

**Док. 44**
**Манастирот Св. Прохор Пчински**
Местото за Првото заседание на АСНОМ



*Монографија, Република Македонија, 1999*

**Док. 45**
**Салата каде што беше одржано Првото заседание на АСНОМ**



*Монографија, Република Македонија, 1999*

**Док. 46**

**Претставници на Президиумот на народното собрание на Македонија со неговиот прв претседател, Методија Андонов-Ченто** (седи во средина)



*www.arhiv.com.mk*

**Док. 47**

**Прославување во манастирот Св. Прохор Пчински за време на седницата.**



*5 години Н.Р. Македонија, 1950*

По смртта на Јосип Броз-Тито, се очекуваа бурни промени. Тој самиот почувствува многу порано дека после неговата смрт ќе следи раскол, па затоа една од мерките што тој ја воведе беше воведувањето на колективен шеф на државата - претседателство на СФРЈ со едногодишен мандат.

Економската ситуација се влошуваше од ден на ден. Огромната инфлација се надокнадуваше со кредити од странските банки.

Поради нарушените политички односи во федерацијата и несогласувањата помеѓу одделни републики, растеа националните тензии, во кои Косово играше доминантна улога, бидејќи правеше потешкотија во изборот на претседател на Југословенската влада.

Политичките проблеми кулминираат паралелно со економските. Меѓурепубличките и меѓунационалните односи беа изразито лоши. Ова беше причината поради која секоја од републиките побара независност.

Во 1990, се случија турбулентни промени во Македонија. Тие беа важни за претстојната фаза на независност кога Македонија ќе учествува како суверена и независна држава.

**Док. 48**

**Претседателите на Републиките на СФРЈ**

*www.arhiv.com.mk*

Претседателите на републиките на СФРЈ на состанокот во Охрид во 1991, беше еден од низата неуспешни обиди да се реши Југословенската криза. Македонија одлучи да формира целосен суверенитет и независност по мирен пат.



**Док. 49**

**Статистика од референдум**

*Монографија, Република Македонија, 1999*

Собранието на Република Македонија, одлучи на својата седница на 6 Август 1991 да одржи референдум и да го утврди прашањето што треба да биде ставено на референдумот: ***"Дали сте за независна Македонија со можност за влегување во сојуз со другите држави во Југославија?"***







**Прашања:**

1. Зошто не отидоа сите на гласање?

**Док. 50**
**Декларација за суверенитетот на Социјалистичка Република Македонија**

Член 1

Оваа декларација го изразува суверенитетот на Социјалистичка Република Македонија во согласност со конститутивните одлуки за независност и територијален интегритет на македонската држава, и правото на македонскиот народ за самоопределување, вклучувајќи го и правото на одвојување.

Член 4

Социјалистичка Република Македонија, како суверена држава, самостојно донесува одлуки за идните односи со државите на другите народи на Југославија, во согласност со нивните интереси со мирни и демократски средства.

*Службен весник на С.Р. Македонија, 01.02.1991*

**Док. 51**
**Зградата на Парламентот**



**Док. 52**
**Парламент на Република Македонија**



*www.arhiv.com.mk*

**Док. 53**
**Првата македонска влада ја форми-раше Премиерот Никола Кљусев во процесот на независноста. (1991)**



*Република Македонија, 1999*

**Док. 54**
**Објавувањето на резултатите од Референдумот на плоштадот во Скопје**



*www.arhiv.com.mk*

**Прашање:**

1. Споредете ги следните слики: 44, 45, 46, 47 со 51, 52, 53, 54, најдете ги разликите и дајте објаснување за промените!

**Док. 55**
**Независност**

...Таа ноќ, како што нашите државници и партиски лидери пиеја славенички шампањ на бината на градскиот плоштад,некој од толпата народ дали сериозно или ве шега, рече: "Пазете - ќе се опијаните од шампањот! А гладен стомак зборува погласно од него!"...

*Списанието "Свет" бр. 63, 1996*

---

**Док. 56**
**Колку сме суверени?**

...Се изјаснивме за суверена Република Македонија. Се изјаснивме пред целиот демократски и слободољубив свет, кои имале можност да ја видат видео лентата на тоа наци-чудовиште, качено на тоа "воено возило", кој без ништо човечко во себе го удави Македонскиот војник. Но, каков вид на суверенитет е тоа, кога нашите војници умираат на нечии борбени полиња? Каков вид на суверенитет е тоа, кога не можеме ние сами да ги регрутираме нашите војници? Каков вид на суверенитет е тоа, кога нашите синови ги разбудуваат од нивните кревети и ги носат.... кој знае каде (.....)? Какви се тајните на една војна кога родителот незнае каде го носат неговото чедо? Некој ќе рече воена состојба, мобилизација.... Зошто тие не ги мобилизираат синовите на оние кои не доведоа до оваа "војна помеѓу браќа", и кога "смртниот плач" ќе дојде во нивните домови, тогаш можат да дојдат до својот здрав разум."

*Дневен весник "Нова Македонија", 14.05.1991*

---

**Док. 57**
**"Поранешна југословенска Република Македонија"**

Што се однесува до фактот дека Република Македонија ги исполни сите меѓународно признати услови, Советот за безбедност при ОН му предложи на Генералното собрание да ја прими Република Македонија како членка на ОН под привременото име (референцата) "Поранешна Југословенска Република Македонија" се додека не се реши спорот со Грција. Така на 8 Април 1993 Република Македонија стана 181 членка на Обединетите Нации.

*Монографија, Република Македонија, 1999*

---

**Док. 58**
**Знамето**

Посредникот на САД, Ричард Холбрук, преговори спогодба помеѓу двете земји на 13 септември 1995. Македонија се согласи да го промени своето знаме и да вклучи одредби во својот Устав со што се спречува да прави какви било територијални претензии кон соседните земји. Грција се согласи да ја тргне трговската блокада и забраната за луѓето со македонски пасоши и да престане да ја спречува помошта од Европската унија за Македонија.


(1992-1995)


(1995-)

*Дневен весник "Нова Македонија", 14.09.1995*

---

**Док. 59**
**Бадинтеровата комисија**

Според Арбитражната комисија на Европската заедница (Бадинтеровата комисија) на 11 Јануари 1992: "Република Македонија ги исполни условите што беа изнесени од директивите за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз како и со Декларација на Југославија усвоена од советот на министри на Европската заедница на 16 декември 1991."

*www.historyofmacedonia.org*

**Прашања:**
1. Каков вид процедура треба да се исполни за да се стане независна држава?

# УСТАВИ

**Док. 60**
**Дел од говорот на Тито 1946**

........Новиот општествен поредок во нашата земја бараше една нова форма на политички живот. Постоењето на многу и хетерогени, во смисол на нивното убедување, политичките партии исто така претставуваа најголема пречка за брз и потпомогнат развој на нашата земја.

Не само политичката, туку исто така и економската структура на нашата земја ја исклучува можноста за постоење на многу политички партии со стари програми и стари убедувања.

Заедничките економски проблеми исто така бараа политичко единство ....

**Прашање:**
1. Кои се причините за воведување на еднопартиски систем?

*С. Ф. Р. Југославија 1945-1985, 1986*

---

**Док. 61**
**Тито - за Комунистичката Партија, 1946**

"Комунистичката партија на Југославија беше инструментален фактор за развој на општеството (КПЈ). Тоа беше организација со изразито цврста дисциплина, врз основа на свеста за својата општествена улога и со голема верба во народот. Имаше голем број членови. По војната имаше 141,000 членови. И покрај тоа Партијата сеуште успеваше да го води целиот општествен живот на земјата... Концептот на Комунистичката Партија за изградба и развој на Југославија како социјалистичка земја, првично имаше влијание од Советската теорија и пракса, која беше разбирлива во тие услови."

**Прашање:**
1. Каква е врската помеѓу док. 60 и 61?

*Јосип Броз Тито, Пораки од револуцијата, 1979*

---

**Док. 62**
**Устав 1946**

Член 46

Во случај на неусогласување на сојузните закони и законите на Народна Република Македонија, ќе се применуваат сојузните закони.

---

**Док. 63**
**Односите помеѓу Федерацијата и републиките**



**Прашање:**
1. Како Уставот ги регулира надлежностите на Федерацијата? (член 46 од док. 62)
2. На кој начин карикатурата ги критикува официјалните документи?

*Македонски Карикатури, Владимир Величковски, 1973*

**Док. 64**
**Седница на Политбирото, 1946**

**Прашање:**
1. Зошто политбирото сметало дека е корисно да се претстави себе си пред статуите?

*5 години Македонија, 1950*



---

**Док. 65**
**Методија Андонов-Ченто за политичкиот систем**

*Ефим Гашев, Нашата кауза.,1995*

"Партијата и нејзината воена служба дејствуваат необучено и заканувачки. Јас наскоро дознав со кого сум работел, поради тоа одвојувањето беше неизбежно. Не сум мирен, бидејќи премногу грешки се направија. Да ви ја кажам вистината, дури кога без формален шеф на државата, власта не беше во мои раце, дури ни привремено, таа беше во рацете на Партијата и ОЗНА.

---

**Док. 66**
**Устав од 1963**

УСТАВ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 115

Федерацијата има ексклузивно право и должност да изгласува закони и други акти, и да ги извршува директно, и да биде одговарна за нивното извршување.

Републиките единствено можат да ги изгласуваат своите закони ако се одобрени од Сојузниот закон.

Член 116

Федерацијата има право и должност да обезбеди единствен земјоделски систем систем за дистрибуција на општествениот производ.

Федерацијата, исто така, обезбедува единствен политички систем, систем на општествено самоуправување и основни слободи, како и човекови и граѓански права.

Член 118

Републичките устави не смеат да не бидат усогласени со Уставот на Југославија

Републичкиот закон ќе биде во согласност со Сојузниот закон.

---

**Док. 67**
**Коментар за периодот на дР-жавниот социјализам, 1986**

*Историски пресврти во развојот на Југославија,*
*Душан Биљандиќ, Скопје, 1986*

Се сметаше дека во едно ново социјалистичко општество, народот како поим треба да почне да го снемува. Поради тоа не се обрна внимание на автономијата и суверенитетот на југословенските републики. Од друга страна, економските, културните и образовните политики беа централизирани на сојузно ниво. Во реалноста, ниту нацијата ниту националната свест исчезнаа, туку продолжија да се развиваат.

---

**Док. 68**
**Устав од 1974**

УСТАВ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 299

Социјалистичка Република Македонија ги има следните права и обврски:
1. Да го штити суверенитетот, независноста и националната слобода.
2. Да обезбедува услови за извршување и развој на самоуправни социјалистички односи.

9. Да учествува во утврдувањето и извршувањето на политиката на Федерацијата.
14. Да организира народна одбрана
17. Да обезбедува основни права за социјална заштита и да гарантира равој на оваа заштита.
19. Да го разгледува развојот и единството на образовниот систем, да ги подобрува и стандардизира образовните услови во Републиката, да учествува во обезбедување услови за развој на образовните цели.
21. Да мисли и учествува во обезбедување на културниот развој и да учествува во обезбедување услови за промовирање на културни активности од заедничкi интерес на Републиката.

**Док. 69**
**Комуникација помеѓу републиките и сојузната влада**



**Прашање:**
1. Како е претставена комуникацијата помеѓу Републиката и сојузната влада на карикатурата?

*Македонска карикатура, Владимир Величковски, 1973*

**Док. 70**

Постепено мора да признаеме дека е потребно во рамките на економската реформа да направиме целосни реформи на политичкиот систем и на федерацијата.Во нашето општество се појавија таканаречени проблеми и несогласувања помеѓу националностите и тие се централен политички проблем во овој момент..

*Историски пресврт во развојот на Југославија, Душан Биљандиќ, 1986*

**Док. 71**
**Тито за Уставот од 1974**

Јосип Броз Тито - на заедничкиот состанок на Федерацијата, настапи со експозе за новиот устав, во кој тој потенцираше дека со новите устави се направени: \...поголеми чекори во стабилизирање на еднаквоста на народите и националностите, и во врска со тоа, самостојноста на републиките и покраините е посилна и нивната одговорност за сопствен развој и развитокот на целата заедница...."!

*Виолета Ачковска, Македонија во Југословенската федерација, 2001*

**Док. 72**
**Политичката шега**

-"Каква е вашата продуктивност, другари?"
- "Никаква!"
- "Зошто не работите тогаш, овој систем е направен само за вас!"
-"Така е!" - вели работничката класа и задоволно се смее со власта.

**Прашање:**
1. Што се критикува со шегата?

*Томислав Османли, Во смртните времиња, 1993*

**Док. 73**
**Шема на политичкиот систем (1945-1990)**




**Прашање:**
1. Зошто било тешко за обичниот народ да го разбере политичкиот систем?

*Училишни историски карти, Белград, 1990*

---

**Док. 74**
**Устав од 1991**

Член 1

Република Македонија е суверена, независна, демократска и социјална држава.

Суверенитетот на Република Македонија е неделив, неотуѓив и непреносклив.

Член 2

Суверенитетот на Република Македонија произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните.

Граѓаните на Република Македонија го применуваат своето право преку демократски избраните пратставници, преку референдум и преку други форми на непосредно изразување.

Член 7

Македонскиот јазик, кој го користи Кириличното писмо, е службен јазик во Република Македонија.

---

**Док. 75**
**Шема на политичкиот систем (1990-2000)**




**Прашање:**
1. Кој документ има поголема смисла за вас? (док. 73 или 75). Објаснете зошто.

**Док. 76**

**Влада на Република Македонија**

· ја утврдува политиката за донесување закони и други одредби на Собранието и е одговорна за нивното извршување;
· предлага закони, буџетот на Републиката и други одредби усвоени од Собранието;
·поставува принципи на меѓународна организација и работа на министрите и другите административни тела, кои управуваат и ја надгледуваат нивната работа;
·врши политичко следење и надзор на Владата и другите носители на јавни служби што се одговорни на Собранието;
· Прогласува амнестии;

**Претседател на Република Македонија**

- Назначува мандатор за формирање влада на Република Македонија;
- Одредува и распушта со декрет амбасадори и други дипломатски претставници на Република Македонија во странство;
- Прима акредитиви и писма за отповикување на странски дипломатски претставници;
- Предлага двајца судии да заседаваат на Уставниот суд на Република Македонија;
- Назначува тројца членови во Советот за безбедност на Република Македонија;

**Собрание на Република Македонија**

- Го усвојува и менува уставот;
- Усвојува закони и дава автентично толкување на законите;
- Ратификува меѓународни договори;
- Одлучува за војна и мир;
- Донесува одлуки за промени на границите на Републиката;
- Изгласува влада на Република Македонија;
- Изгласува и распушта судии.

---

**Док. 77**
**Различно мислење**

**Прашање:**
1. Која е пораката на овој документ?

"За првпат апсолутно ни е јасно дека ние не сме центарот на некое интересно случување (како што бевме со самопостигнатиот труд, демократијата од типот на социјализам "нешто помеѓу" со отворени државни граници.......) Многу е очигледно дека ние станавме само обична политичка провинција..... дека нашето движење започна, кога се околу нас се движи напред"

*Томислав Османли, Ослабување во смртното време, 1993*

**ЗАЕДНИЧКИ ПРАШАЊА**

1. **Нагласете ги сличностите и разликите помеѓу уставите на трите земји.**
2. **Каков вид политички систем беше основан во трите земји и како тој се проценува сега? Како луѓето ги проценуваат претходните политички системи?**
3. **Каков вид промени можат да се видат во употребата на државните симболи?**
4. **Каква беше реализацијата на политичките права во еднопартискиот систем и повеќепартискиот систем?**

# ИЗБОРИ

## АЛБАНИЈА

На 27 септември 1945, Претседателството на Советот за Антифашистичко Национално Ослободување прогласи закон за избори. Два дена подоцна, законот за бирачкиот список беше објавен. На 11 јануари 1946, Албанија беше прогласена за Народна Република

**Док. 78**

**Резултати од изборите 1945. Митинзи на денот на Прогласување на Народна Република**

**Прашања**
1. Погледнете ја сликата. Коментирајте и дискутирајте за:
а. Учеството на народот на изборите
б. Резултатите од општите избори.
в. Значењето на државната пропаганда во општите избори

*Албум "25 години Социјалистичка Албанија", Тирана, 1969*




**Док. 79**
**Бирачки права**

**Прашања:**
1. Погледнете во член 4 од законот за избирачки списоци. Зошто беа направени исклучоци за една категорија затвореници? Дали е ова типично за демократија?

*Службен весник,, 01/10/1945 стр.11:закон бр. 125, 29/09/1945 за избирачки списици*

Член 3

Сите албански граѓани, мажи и жени кои наполниле 18 години имаат право да гласаат.

Член 4

Немаат право да гласаат:

4. Затвореници осудени со регуларен судски процес на доживотен затвор.
5. Лица осудени со регуларен судски процес за постојана забрана на вршење јавни работи за целиот период на забраната.

Сите лица кои земале активно учество во Народно-ослободителното движење, без разлика дали во воени или позадински формации, се исклучуваат од член 4 и 5.

**Док. 80**
**Учество на независни кандидати на изборите**

...Во споредба со списокот на Фронтот којшто е одлично организиран," Кокоши призна со жалење, дека "независните кандидати се осудени на неуспех, бидејќи тие не се организирани во политички партии и немаат свој личен прес и пропаганда. Од друга страна, луѓето од државната власт се сите во Фронтот, така што не се дава гаранција дека другите кандидати ќе бидат избрани...

...Колку што се сеќавам, во сите изборни околии на Албанија, само еден независен кандидат беше предложен за изборите. Претставниците на класите кои изгубија, убедени дека луѓето се против нив, не го следеа примерот на овој Дон Кихот кој гласаше самиот за себе.....

*Енвер Хоџа, " Поставување темели на нова Албанија", Тирана, 1984*

**Док. 81**
**Кандидати од Демократскиот фронт во изборната кампања**

*"Единство" весник, 16.10.1945*

Влегуваме во борба на избори за Уставотворно собрание. Оваа борба треба да се добие и ќе ја добие со успех без пораз Демократскиот фронт т. е. албанскиот народ. Да живее албанскиот народ. Да живее Демократскиот фронт.

**Док. 82**
**Индивидуален кандидат, застапник, Кочо Дило, се повлече, 1945**

*Канидат кој за време на општите избори во 1945 не беше претставник на Организацијата Фронти.*

Денес, на 30 ноември 1945... Кочо Дило лично, на неговото барање доставено до оваа Комисија, дефинитивно објави повлекување на својата повлекување од кандитатурата за заменик префект во околијата бр. 2.

*Весник "Единство", 01.12.1945*

**Док. 83**

Ниту еден непријател не може да го спречи Демократскиот фронт на неговиот пат за мир и демократија?




*Магазин Хостени, Тирана 1945*

**Док. 84**
**"Победата од Фронтот е реален Плесбицит"**

...Мал број (на луѓе од А.П.) кои апстинираа, помалку отколку во сите други балкански земји, покажува дека нема противници на Фронтот во Албанија, но само мал број незадоволни луѓе чија судбина е врзана со феудални и политички авантуристи... постојани непријатели на слободата и албанската демократија.

*Весник Единство, 1.12.1945*

**Док. 85**
**Општи избори, Тирана, 1983**



*"Со луѓе, помеѓу пријатели", Албум, Тирана, 1983*

**Док. 86**
**Со избирачите од изборната околија бр. 108 во Тирана, мај 1950**



*Енвер Хоџа Албум. Тирана, 1986*

**Прашање::**
1. Споредете ги изворите и објаснете како биле нарушени политичките права?

**Док. 87**
**Мислење за Избирачката програма на Работничката партија на Албанија (РПА), 1991**

*"Гласот на народот" весник, 01.02.1991*

...Како наставник по историја, убеден сум дека во соодносот на населението и економскиот и технички потенцијал, менталитетот на нашиот народ и физичката сила стекната во повеќе од 46 години е поголем отколку во друга земја на Европа. Без разлика дали би била Англија по нејзината револуција, Франција по буржоаската револуција или Советскиот Сојуз по Октомврискаta револуција.

*Пашк Пицаку, Мирдита 1*

**Док. 88**
**Мислење на член на високо рангирана партија**

*"Глас на народот", весник, 05.01.1991*

Го очекувам објавувањето на мојата партиска програма.... Кои се моите впечатоци?
Дека таа го нагласува почетокот на прогресот што сведочи за постојана промена и дека освежувањето на нашите партиски идеи се нови, богати, модерни.....Нејзината обновена енергија е голема.

*Елвира Шпало, член на Пленумот на партискиот комитет на Џирокастра*

**Док. 89**
**Зошто ја напуштив работничката партија на Албанија**

*"Демократска ренесанса", весник 09.12.1991*

На состанокот од 14 декември 1990 година во однос на основите на париската организација, ја вратив мојата партиска книшка поради тоа што:
1. Јас не се согласувам со политиката на насилство врз децата, сестрите и нашите студенти пријатели во последните денови..... по мое мислење, барањата на студентите беа исправни и разумни.....
2. Мислам дека сегашната положба на работничката партија е слаба и не е во состоба да ги следи сегашните процеси со динамика. Нејзиното лидерство е привилегирано и со децении не е заинтересирано за мислењето на базата и на народот....
4. Работничката партија на Албанија со екстремната идеолошка политика и тоталното угнетување на секое лице самата постепено се динстанцира од народот.

*Башким Тренова*

**Док. 90**
**Учество на Демократската партија во првите демократски избори**

**Прашања:**
1. Каков вид различно мислење препознавате во овие извори?

*"Демократска ренесанса", весник, 28.09.1991*

... Демократската Партија учествуваше на изборите на 31 март, не поради тоа што беа слободни, туку поради тоа што имаше потреба од слободни изборни кампањи.Практично зеде учество во изборите на 31 март за да го избегне можното крвопролевање и да влезе во албанскиот парламент за да ја продолжи борбата таму за создавање на демократски институции и правна држава во Албанија.

*Извадок од извештајот на претседателот на централниотн комитет на Демократската партија на Албанија, Сали Бериша, поднесен на Првото национално собрание на Демократската партија.*

**Док. 91**
**Социјалистичката партија за време на изборната кампања, јуни 2000.**




*Магазин "Клан" бр. 198, Тирана, март 2001*

**Док. 92**
**Демократската партија за време на изборната кампања, јуни 2000**



*Магазин "Клан". бр. 212. Тирана. јуни 2001*

**Док. 93**
**Резултати од парламентарните избори 1992-2001 (%)**

**Прашања:**
1. Кои беа промените на составот на Парламентот во 1992 и потоа?

*Магазин "Клан" бр. 215,. Тирана, Јули 2001. "Совет на Европа за Албанија-Документи 1991-1997", Тирана 2000*

| Партии | 1992 | 1997 | 2001 |
|---|---|---|---|
| Социјалистичка партија | 27,14 | 53,30 | 41,98 |
| Демократска партија | 65,71 | 25,16 | |
| Социјалдемократска партија | 5,00 | 2,63 | 3,56 |
| Републиканска партија | 1,43 | | |
| Демократска Партија + Единство за Победа | | 0,98 | 37,07 |
| Христијанско-демокр. Партија | | 3,25 | 1,04 |
| Движење на Законитоста | | 2,86 | |
| Единство за човекови права | | 2,76 | 2,40 |
| Демократска коалициона партија | | | 2,37 |

# БУГАРИЈА

**Док. 94**
**VI големо национално собрание *Избори за уставот (27. 10. 1946 )**

*__Големо национално собрание__ –Тоа заседава за да промени или да формира нов устав

Празник е. (....) Знамињата и венците се веат, и секој може да ги прочита слоганите на ѕидовите на малите циглени куќи,во околината на Софија, чии покриви се ниски скоро до земја:" Да живее Татковинскиот фронт!" "Само Татковинскиот Фронт може да не спаси!"
Жените брзаат по калливите улици, тропајќи во нивните налани или деформирани влечки, но нивните лица се весели и насмеани. Каде одат? - на гласачкото место! Тие можат да се препознаат лесно по народните ора во близиата, по редицата гласачи, луѓе коишто го чекаат својот ред да гласаат, по возбудата на веселите мажи и жени.
Кристина Брадинска - поранешна партизанка, сега ополномоштен кандидат, доаѓа да гласа на гласачкото место и сите жени ја обиколуваат..
- Другарке Брадинска, дали целиот текст од уставниот проект ќе остане истиот?

*Магазин Жена Денес,, 1947*

Сеќавања од изборите 1947

**Док. 95**
**Избори за Уставот од 1947**





**Док. 96**
**Организирање на избори**

Разни прекршоци и прекршување на законот беа изнесени на состанокот на Политбирото на Централниот комитет на Бугарската работничка партија (комунисти) и секретарите на регионалните партиски комитети, одржан на 2 ноември. Прекршителите главно беа членови на комунистичката партија-за време на периодот пред изборите, тие ги кинеа плакатите, ги прекинуваа состаноците на опозицијата, дофрлуваа на состаноците, и почнуваа тепачки со членовите на опозицијата.

Исто така беа забележани сериозни прекршоци на денот на изборите-некаде избирачките книшки небеа дистрибуирани; на некои луѓе не им беше дозволено да влезат на гласачкото место, некои луѓе гласаа со обележани гласачки ливчиња, имаше двојно гласање, разменување на гласачки ливчиња за други партии со оние на Бугарската работничка партија (комунисти), јавно гласање, крадење на изборни документи, недостаток на опозициони претставници за броење на гласачките ливчиња во некои изборни делови и др.

Људомир Огњанов, *Државен политички систем на Бугарија, 1944-1948, Софија, 1993*

**Прашања:**
1. Опишете ја атмосферата на овие избори (Док. 94-96)

**Док. 97**
**Распоред на гласови и седишта во Големото национално собрание (ГНС) помеѓу Татковинскиот Фронт (ТФ) и опозицијата по изборите во 1946**

*Според Људомир Огњанов*

| Партии | Избирачки гласови (%) | Седишта во ГНС |
|---|---|---|
| Партии на Татковинскиот фронт | 70.10 | 366 |
| Опозиција:<br>(БЗСН-Никола Петков, BWSDP(o)) | 28.35 | 99 |

**Прашања:**
1. Која е главната задача на Големото национално собрание?
2. Каква е определбата на политичките партии на VI големо национално собрание?
3. Кои главни принципи ќе бидат најистакнати во создавање на Уставот?

**Док. 98**
**Митинг за Референдумот за Република во 1946**



Митинг на жените во Софија, IV кварт, во поддршка на Републиката

Магазин *Жената денес, 1946*

**Док. 99**
**Учество на малцинствата на изборите**

**Прашања:**
1. Споредете ги документите и објаснете до какви промени дошло во однос на малцинствата?

Магазин *Жената денес*, 1947

На избирачкото место во Коњовиц, Ромите се собираат и го чекаат својот ред да гласаат. (...) Една убава млада жена, со боси нозе се пробива низ толпата, а некои мажи ја задеваат: - Со што ќе гласаш, Фатиме?- Јас знам со што, и тоа не е ваша работа! И го извади своето гласачко ливче во боја како вино од своите гради- Ќе гласам со ова, го гледате? - Ромката рече со нишање на главата-Не гледајте така во мене! Вистина јас сум парталава и боса, но знам точно што е право! И јас ќе гласам за правото!

**Док.100**
**Сите на избори!**




*Плакат, 1956 – П. Карчовски, Д. Иванов, Д. Серезлиев*

**Док. 101**
**Слика од симпатизерите на УДП кои учествуваа на митингот во 1997**



**Док. 102**
**Плакат од политичката партија УДП којашто владееше во тој период.**



**Док. 103 и 104**
**Постери од опозиционата Бугарска Социјалистичка Партија (БСП) за парламентарните избори во 2001, што ги доби Националното движење Симеон II СиБСП**




Парламентарни избори 2001
Коалиција "За Бугарија"




Црвеното е страст- БСП

**Прашања:**
1. Зошто овие луѓе се избрани за постерите? Што симболизираат тие?
2. Кои се идеите на кои се фокусираат пораките на постерите?

**Док. 105**
**Резултати од парламентарните избори (во %)**

| Партии и Коалиции | 1990 | 1991 | 1994 | 1997 | 2001** |
|---|---|---|---|---|---|
| Бугарска Социјалистичка Партија (БСП) | 52.75 | 33.14 | 43.5 | 22.07 | 17.35 |
| Сојуз на Демократски Сили (СДС) | 36 | 34.36 | 24.23 | СДС* - 52.26 | 18.24* |
| Бугарски земјоделски сојуз на народи (БЗСН) | 4 | - | - | - | - |
| Движење за права и слобода (ДПС) | 7.25 | 7.55 | 5.44 | CNS** 7.6 | 6.75 |
| "Унија на Народот" (Демократска Партија и БЗСН)) | - | - | 6.51 | - | - |
| Бугарски бизнис Блок (БББ) | - | - | 4.73 | 4.93 | - |
| Бугарска Евролевица (БЕЛ) | - | - | - | 5.5 | - |
| Национално движење "Симеон II" (НДСС) | - | - | - | - | 43.05 |

Според Е. Калинова, И. Баева, *Бугарскаша шранзиција 1944-1999*, С., 2000.

* -Коалицијата на сојузни демократски сили се состои од Унијата на Демократски сили, Демократската партија, БАУП, Бугарската социјална демократска партија, Внатрешната македонска револуционерна организација.

** - Коалицијата за Национален спас го вклучува електоратот на Движењето за права и слободи и исто така избира кандидати од помали партии на центарот, поранешни членови на УДП: Бугарската земјоделска партија "Никола Петков", Партијата на зелените, Партијата на Демократскиот центар, Нов избор и монрахистите од :Кралството Бугарија"

***- вкупниот збир на гласовите не е 100% бидејќи се прикажани гласови само на партии кои добиле над 4%

**Док. 106**
**Први демократски избори**

10 јуни беше убав сончев ден. Можевме да ги слушнеме луѓето како се радуваат по улиците, особено младите луѓе. Тоа беше систем којшто користеше и пропорционален глас и глас на мнозинството. Се сеќавам дека ни беше објаснето како да гласаме: можевме да одбереме две гласачки ливчиња и да ги ставиме во плико. Веќе нам ни беше редот. Можевме да видиме еден човек како излегува, ги извади своите црвени гласачки ливчиња од неговото плико и го покажа неговото гласање пред сите. Се разбира неговиот глас беше поништен!

По сеќавање на Бонка Иванова Цветкова, родена 1940 во Софија, 25 гласачко место – Софија

*Кандидатот беше прифатен како избран, ако го добиеше мнозинството гласови во едно гласачко место.

**Прашања:**
1. Какви се промените во гласачкиот систем во Бугарија по 1989, и кои политички сили се анимираат од 1990 до 2001?

**Док. 107**
**Учество на избори**

Отсекогаш сум гласал. На 17 јуни (2001) отидов повторно да гласам. И покрај вториот мозочен удар отидов да гласам, а луѓето ми помогнаа да стасам до гласачкото место. Баба Осман и јас отидовме до гласачкото место држејќи се за раце. Имаше декорации и музика. Музичарите свиреа убаво. Имаше јадење и пиење за сите нас. Автомобили и коли ги носеа старите луѓе и неспособните.

*По сеќавање на Фатме Шакир Абди, роден во село Трастеник, сега живее во градот Русе.*

**Док. 108**
**Улогата на малцинствата во политичкиот живот**

[…] во политички живот, факт е дека ромските партии постигнаа значајни резултати на општинските избори во октомври 1999. Тие добија повеќе од 200 места во разни општински совети во Бугарија (.....)
Турското малцинство, кое сочинуваше околу 9% од населението во Бугарија, многу повеќе е вклучено во политичкиот живот како на национално така и на локално ниво. […]

Од *Годишниот извештај на Европската комисија за 2000*

**Прашања:**
1. Колкав е процентот на учеството на малцинствата во политичкиот живот на Бугарија (док. 107 и 108)?

**Док. 109**
**Младо семејство гласа на парламентарните избори во 2001**



**Прашања:**
1. Споредете ги док. 95, 98, 101 и 109 и наведете ги сличностите и разликите.

# МАКЕДОНИЈА

**Док.110**
**За прв пат**

*5 години Н.Р. Македонија, 1950*

Овој избор му дава на македонскиот народ можност за прв пат да избере една влада во историјата на сојузот. Насекаде низ земјата изборите ќе ја демонстрираат среќата со Тито и братството на југословенските народи и малцинства во Македонија - Албанци, Турци, Власи и други.

**Док. 111**
**Малцинствата на избори**



*5 години Н.Р. Македонија, 1950*

**Док. 112**
**Сите на избори**



*5 години Н.Р. Македонија 1950*

**Док. 113**
**Митинг пред изборите**
Слоган: Да го одбереме најдоброто!



*5 години Н.Р. Македонија 1950*

**Док. 114**
**Избори во 1946**
Слоган: Сите на избори




*5 години Н.Р. Македонија, 1950*

**Док. 115**
**Мала птица**

*"Малата птица" во Македонија, Симо Младеновски, Скопје, 1985*

Другари,
Учители, стари и нови,
Дури и со една мисла
можам да Ве развеселам малку.
Луѓето ќе зборуваат
за новите избори
и се што е погрешно
ќе исчезне како ланскиот снег.

Сега луѓето ќе ги бираат
оние кои ќе гарантираат
борба
за создавање подобар живот
и за списокот на фронтот,
за победата да биде јасна,
треба сите да гласате
за кандидатите на фронтот.

**Док. 116**
**Лично искуство**

"Бев во војска, кога наполнив 18 години. Тоа значеше дека имам право да гласам на избори. Никогаш не сум гласал порано, така што не ја знаев процедурата за гласање, и да ви ја кажам вистината, тоа не ме интересираше. Како и да е, мојот капетан ме викна и ми ја кажа големата новост, дека имам чест да гласам за претставници од мојот регион што треба да станат кандидати за Македонскиот парламент. Тој ми го даде списокот, колку што се сеќавам, со десет имиња на него. Го прашав капетанот за колку луѓе треба да гласам, а тој ми објасни дека можам да гласам за еден, двајца, или повеќе луѓе, за секого или никого. Бидејќи не знаев никого од списокот одлучив да ги заокружам сите имиња, веројатно не сакајќи да повредам нечии чувства."

*Сеќавања на авторот*

**Док. 117**
**Воведување на повеќепартиски систем и плурална демократија во Република Македонија**

Со усвојување на амандманите и дополнувања на владеечкиот закон, јавните организации и граѓански асоцијации, политичкиот плурализам што веќе беше реалност во Македонија, сега станува практична легислатива. Можат да се основаат асоцијации со минимум 10 луѓе со над 18-годишна возраст, чии членови имаат постојан престој во СР Македонија, и секое друго лице може да биде член кој пополнил формулар и чии граѓански права не се обесправени или ограничени по налог на судот.

*Дневен весник "Нова Македонија", 13.04.1990*

**Док. 118**
**Демократија**

Член 20

На граѓаните им се гарантира слобода на здружување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и слободи.

Граѓаните можат слободно да формираат здруженија на граѓани и политички партии, да им се приклучат или да се повлечат од кај нив....

Член 22

Секој граѓанин кога ќе наполни 18 години старост, стекнува право на глас. Правото на гласање е еднакво, универзално и непосредно, и се применува на слободни избори со тајно гласање.

Лицата на кои им е одземено правото да ја работат својата професија со судска одлука, немаат право да гласаат.

**Док. 119**
**Разлики помеѓу два периода**



**Док. 120**

Скоро во текот на целата 1990 се формираа политичките партии. Меѓутоа изборот беше одржан во ноември истата година, имаше 26 политички партии и организации. Нивното формирање беше мотивирано од претстојните повеќепартиски парламентарни избори кои што се одржаа на 11 ноември 1990, а вторите на 25 ноември истата година.

*www.arhiv.com.mk*

**Док. 121**
**За прв пат**

"Среќни сме ние - гласачите кои го постигнавме предизборниот период. Ние бевме маргинализирани и не лажеа, но сега за прв пат во 50 години, стануваме учесници во политичка игра, чии играчи сами го одредуваат резултатот. О, убавино, о, убавино на плурализмот!(......) Всушност, во мојата земја овие денови, воздухот е обременет со мирис на демократија. Нема политичка партија без зборот демократија во своето име или својата програма.Проценувајќи го вниманието што му се дава и бројот на објавувањата, оваа земја има голема иднина на "моќта на луѓето". Проблемот е, што некои од оние кои со цело срце изјавуваат дека нивната партија ја потпомага демократијата во политички, културен и јавен живот прави се за да ја поттисне истата демократија во деновите кога демократијата е потребна повеќе од било што друго, и дека тоа било во времето кога единствениот мирис на црвените комунистички рози продира насекаде од комунистичката градина."

*Томислав Османли, Во смртниот час, 1993*

**Док. 122**
**Лидерите на политичките партии-учеснички во први-те демократски повеќе партиски избори во Македонија (ноември 11, 1990)**




*www.arhiv.com.mk*

**Док. 123**
**Сите се ЕДНАКВИ**

Тезата на сегашниот лидер дека сите се ЕДНАКВИ постојано се докажува. За тоа време, помошта од секого, што можеме да ги наречеме "големи и моќни медиуми", е без резервна. Дури и тие самите одат еден чекор напред и си дозволуваат да дадат предност на "релевантното", се разбира, за време на јавно дебатирање, си земаат право да овозможат поголем простор за нивното претставување. Ова,тие мислат, дека овие партии според нив се докажани како политички субјекти што треба да влезат во Парламентот на Македонија.

*Неделно списание "Македонско сонце", 02.10.1998*

**Док. 124**
**Повеќе партиски избори**




предизборен митинг



Бранко Црвенковски
Македонски премиер (1992-1998)




Арбен Џафери
Лидер на Демократската партија на Албанците



Љубчо Георгиевски
Македонски премиер (1998-2002)

**Прашања:**
1. Какви се пораките што се употребени во спроведување на првите избори во Македонија?
2. Каква беше можноста за избирање претставници за Парламентот пред и после транзицијата?
3. Какви промени се случија во изборниот систем во 1990?




Предизборен митинг

**ЗАЕДНИЧКИ ПРАШАЊА**

1. **Какви беа политичките права на народот на изборите?**
2. **Кои политички права ги имал народот во врска со изборите? Дали правата се зголемиле или намалиле за последните 50 години?**
3. **Какви политички права беа постигнати во а) еднопартискиот систем и б) повеќепартискиот систем?**
4. **Каков вид пристрасен материјал се користел како пропаганда и која била неговата цел? Како го потврдувате тоа?**

# ПОЛИТИЧКИ ЛИЧНОСТИ

## АЛБАНИЈА

**Док. 125**
**Орденитe на Енвер Хоџа**

"Народен херој" во 1945



:40-тата годишнина на РПА



"Херој на социјалистичкото дело"



По повод 50 години од неговиот роденден, 16.10.1958

*Албум "Енвер Хоџа", Тирана 1986,*

**Док. 126**
**Со задругари во околијата Кукеши, мај 1970**



*Албум "Енвер Хоџа", Тирана, 1986*

**Док. 127**
**Опис на Енвер Хоџа од Нако Шпиро, неговиот најблизок соработник, во едно писмо од 1944**

*Историја на албанскиот народ, Тирана, 1996, стр. 222.*

...Медиократска интелигенција. Медиократија во училиште, во странство, и како професор, исто така.... Сега тој сака да му се ласка...... Тој страда од силен инфериорен комплекс. Му недостасува секаква лидерска способност.. Него не го познава народот, а онаму каде што го познаваат нема углед. Партијата се обидува со сета своја моќ да го направи популарен. Тоа е единствената причина што тој сака да стане познат.....

**Док. 128**
**Рамиз Алија за Енвер Хоџа**

*Јас, Рамиз Алија, сведочам за историјата, Второ издание. Тирана, 1993, стр. 105..*

...Нека зборуваат тие што сакаат, но јас не можам да се согласам дека Енвер не бил интелигентен. Несомнено тој бил учен. Јас зборувам од гледна точка на неговата способност, неговите можности...

**Док. 129**
**Декрет од 11-тата пленарна седница на Централниот комитет на Албанската работничка партија за трајното име и дело на другарот Енвер Хоџа**

*"Гласот на народот", весник, 14.04.1985*

- Да се подигне споменик на другарот Енвер Хоџа во главниот град на нашата земја, Тирана, во неговото родно место, Ѓирокостра, и во градот Корча.
-Универзитетот во Тирана да се вика "Универзитет на Тирана Енвер Хоџа"
-Пионерската организација да се вика "Пионери на Енвер Хоџа"
- Поморското пристаниште Драч да се вика Поморско пристаниште "Драч Енвер Хоџа".
- Земјоделското претпријатие Пласа во областа Корча да се вика "Земјоделско претпријатие Енвер Хоџа".
- Советот на министри на Народна Социјалистичка Република Албанија е одговорен за извршување на овој декрет.

**Док. 130**
**Музеј на Енвер Хоџа**

"Пирамидата" конструирана во 1986 како музеј за диктаторот Е. Хоџа претворен во центар на меѓународната култура во 1991

*Албанија,татковина на европски вредности, Јуни 2001*



**Док. 131**
**Централен комитет на РПА**

*Тирана албум, Печатница "8 ноември", Тирана 1990*



**Док. 132**
**Мислење на еден скулптор за бистата на Енвер Хоџа**

*"Гласот на народот", весник, 18.04.1985*

Бев задоволен кога ме известија дека се бара оваа биста (на Е. Хоџа), и дека ќе била репродуцирана во многу примероци и подигната на стотици илјади места низ Албанија.

**Док. 133**
**Рушење на споменикот Енвер Хоџа во "Музејот на Енвер Хоџа" во Тирана**

*Часопис "Клан", бр. 161. Тирана. Мај , 2000.*



**Док. 134**
**Изјава од Централниот комитет на Албанската работничка партија**

Другари граѓани на Народна Социјалистичка Република Албанија. Другари комунисти! Мајки и сестри.

Работници, задружни членови, младинци и девојки, интелектуалци....

...Толпа народ којашто го изгубила целиот разум и логика дејствуваат како вандали. Тие ги срушија спомениците и бистите посветени на другарот Енвер Хоџа, основачот на РПА, на нашата демократска држава.... Во овие услови ниту еден чесен човек и патриот не треба да остане рамнодушен и да чека, туку треба да се организира........и во соработка со полициските сили да воспостави ред..

"Гласот на народот", весник, 22.02.1991

**Док. 135**
**Политички дневник**

Четврток, 20 февруари.
Рано наутро, Тирана се разбуди од свирење на труба. Илјадници работници, ученици, пензионери, деца и студенти се упатија кон плоштадот "Демократија". Плоштадот беше преплавен од луѓе.
14:05часот. Неколку удари и споменикот на Енвер Хоџа падна. Тој стоеше на плоштадот "Скендербег" само 858 дена. Не можеше да биде спасен ниту од полицијата ниту специјалните сили, ниту пак со посебен декрет за заштита на споменици...... Истата судбина на спомениците на Енвер Хоџа се повтори во Корча, Драч....

*Митро Чело*

*"Демократска ренесанса", весник, 23.02.1991*

**Док. 136**
**Соборување на споменикот на Енвер Хоџа во Тирана, 20.2.1991**



*Албанска телеграфска агенција*

**Док. 137**
**Економски привилегии за високо рангираните членови на Албанската Работничка Партија**

Натпреварот меѓу нив како резултат на поранешниот Прирачник за приеми, кој со своите 65 вработени беше формиран за таа причина, ги доведе до трансформација овие моќни луѓе за време на нивното "славно" лидерство со непринципиелни демагогии, бидејќи иако член 46 од Уставот од 1976 проповеда еднаквост, во реалноста тој формира нееднаквост.
... Тие исто така го извлекоа златото од трезорот за нивните вештачки заби.

*Шпетим Луку*

*"Демократска ренесанса", весник, 11.12.1993*

**Док. 138**

... тие го прифатија тоа дека нивните разгалени синови и ќерки влечат пари во амбасадите, и сето тоа во согласност со редовната процедура.

*Шпетим Луку*

*"Демократска ренесанса", весник, 12.12.1993*

**Прашања**
1. Какви привилегии уживале поранешните членови на Политбирото и нивните семејства?

# БУГАРИЈА

**Док. 139**
**Георги Димитров со функционерите на Татковински фронт на жените, 1948**



**Док. 140**
**Мислење за Георги Димитров и Васил Коларов-Интервју со Цветана Коларова***

*Жена на Коларов: Васил Коларов бил премиер 1949-1950.

*Продан Ортодоксиев, со Васил Коларов меѓу луѓето и приватно, С., 1982*

В. Коларов и Г. Димитров беа повеќе од браќа. Каква среќна комбинација на можности и карактери! Како овие големи Бугари се надополнуваат еден со друг! Каков исклучителен револуционерен жар беше прикажан во делата на Г. Димитров-херојот од Лајпциг, но каква завидна култура и енциклопедиско знаење поседуваше В. Коларов! И двајцата беа примери на лидери со големо срце, отворени за сите луѓе, сочувствителни за нивните страдања и желби!

**Док. 141**
**Постер со Георги Димитров - секаде**




Слоган:
Секаде со Димитров, со сé кон нови победи

**Прашања:**

1. Опишете го постерот: лицата на преден план и во позадината, нивниот редослед во групи.
2. Од кои други елементи тој е направен?
3. Која е пораката на слоганот?
4. Кој симболизам е нагласен за младите луѓе за иднината?

*Александар Стаменов, 1949*

**Док. 142**
**Партиско мислење за Т. Живков**

*Од извештајот на годишнината од Априлскиот пленум на Централниот комитет (ЦК) на Бугарската комунистичка партија 1956*

Во умовите и срцата на бугарските комунисти, работниот човек на социјализмот, како и во меѓународната прогресивна јавност, творечките дела на другарот Т. Живков, неговиот личен придонес и пример му одадоа признание и восхит како архитект и градител на партиската априлска линија.

**Док. 143**
**Мислења од современиците на Т. Живков**

Во 1962 почнав да работам со 26 разбоја, и јас бев единствената личност во земјата што го правеше тоа. Бев многу вознемирена, луѓе имаше околу мене: "Дали ќе издржам, како ќе го изработам тоа? Потоа пристигна веста за наградата што ја добив- Требаше да добијам "Црвеното знаме на трудот" . Кога пристигнав на работа во третата смена, на капијата ми рекоа: "Имаш телеграма". Ја зедов и погледнав - "Владиниот......."

Другарот Тодор Живков ми честиташе на мојот успех. Мене, една обична работничка! Цела ноќ работев како да сум во сон. Машините пееја, и јас пеев исто така. Никој не ме слушеше, но јас продолжив да пеам.

Таа ноќ, одлучив да постигнам дури и многу повеќе од тоа. Подоцна, повторно бев прва во мојата земја што работи со 30 разбоја.Тоа е она што му го должам нему, мојата благодарност. Не само поради мислењето што тој ми го покажа тогаш, но исто така тој ме поттикнуваше да работам уште подобро.

*Жената денес, 1981*

Најда Мантчева, двоен херој на Социјалистичкиот труд:

**Прашања:**
1.Кои се карактеристичните впечатоци што се употребени во оценувањето на партиските лидери во 50-тите и 70-тите?
2. Какво влијание тие извршиле на обичниот народ?
3. Кои се вредностите и средствата на пропаганда што се применувале во тој период?

**Док. 144**
**Георги Димитров со пионери, 1948**



**Док. 145**
**Тодор Живков со Чавдарш, 1977**



**Док. 146**
**Мислење на Шарл Де Гол за Живков.**

*Т. Живков, Мемоари, 1997*

Ви честитам претседателе Живков.... Ве поздравувам за политиката што ја водите на Балканот и за добрите соседски односи што ги постигнавте со сите балкански земји.

**Док. 147**
**Интервју на Хелмут Шмит за весникот Дума за него-вите средби со комунисти од поранешни социјалистички земји.**

*Т. Живков, Мемоари, 1997*

Имаше неколку од нив кои ми се обратија чисто на хумана основа, помеѓу нив беше и Тодор Живков. Имав чувство дека работам со пристојни луѓе, не со брутални диктатори туку со луѓе кои ја зачувале својата лична хуманост....

**Док. 148**
**Митинг во Софија, ноември, 1989**




**Док. 149**
**Улога на партиски функционер**

Секоја партија, секој општествен систем има потреба и секогаш ќе им требаат нивни функционери, и регуларен апарат, како и високо квалификувани стручњаци и асистенти.

*Од Политичкиот извештај на 14 вонреден конгрес на Бугарската комунистичка партија, 1990.*

**Док. 150**
**Пост-тоталитарна мислење**

Диктаторскиот режим на Т. Живков...... исто така, вклучувал некои специфични елементи, во зависност од состојбите во нашата земја.... Носител на нездрав сомнеж и егоизам, на манијачка амбиција да биде теоретичар со комплетна отсутност на интелектуални способности, тој бил непринципиелен и сплеткар, тој одел дури и подалеку за да ги постигне своите цели и интереси.

*Петар Младенов, член на Централниот Комитет на Бугарската комунистичка партија, 1990*

**Док. 151**
**Промени во кадровската политика**

Целосното отфрлање на номенклатурниот систем како средство за селекција, промовирање или изградување на партиските лидери на сите партиски нивоа.

*За кадровската политика на Партијата и партискиот Апарат. 14 вонреден конгрес на Бугарската комунистичка партија, 1990.*

**Док. 152**
**Афоризми од Конгресната сала**

*Современ показател, списание, 1990*

Се обидовме да му дадеме на секого според неговите способности. И тоа се преобрази - на секого според неговата моќ, од секого според неговата приврзаност....

**Прашања:**
1. Систематизирајте ја проценката на политичките личности според видот на документи.
2. Проучете ги и објаснете ги промените во разните видови извори во различни периоди.
3. Каква е современата проценка на активностите на политичките и партиските функционери?

**Док .153**
**Тодор Живков**



*Априлска смелост, 1956*

**Док. 154**
**Партиска пропаганда во воени единици, Бојуриште, 1956**




Слоган:
Нашето пријателство со Советскиот Сојуз - е толку голема како сончевата светлина и воздух за секое живо суштество.

**Док .155**
**Пропагандна декорација на општинската зграда во градот, 1952**




Слоган:
Знамето на Ленин и Сталин, Димитров и Червенков ќе не води во победа за идеалите од 9 септември 1944!

**Док. 156**
**Политички плакати за време на социјалистичкиот период типични за почетокот на 80-тите.**




Слогани:
Два конгреса - една цел - комунизам од Комунистичка партија на Советскиот Сојуз, Бугарска комунистичка партија - Братство за секогаш!

**Док. 157**
**Писмо со честитка од ХУЛИО КАМАЧО, член на Централниот комитет на Кубанската комунистичка партија**

*Материјал од 9-от Конгрес на БКП, 14-19 Ноември, 1999*

Да живее долго пријателството помеѓу нашите партии и народи!

Да живее борбата на народите на Азија, Африка и Латинска Америка!

Да живее долго марксизмот-ленинизмот!

Да живее долго пролетерскиот интернационализам!

Би сакал да ја искористам оваа пригодаи да му го предадам на другарот Тодор Живков кубанското знамеи слика на еден од нашите херои како симбол на вечното пријателство помеѓу Бугарија и Куба, помеѓу нашите два народа.

**Док. 158**
**Главна цел на пропагандата за време на Живковизмот**

Во услови на лична моќ, кога не се дозволени други мислења, пропагандата неизбежно ја прима формата на едносмерно движење на информации. Пропагандата неизбежно го прифаќа наметнувањето на видувањата и вредносни критериуми, но не процес на волонтерски информации на верувања.

*Стојан Михаилов - член на Централниот комитет на бугарската комунистичка партија. Живковизмот во светлото на лична драма, 1993*

**Прашање:**
1. Анализирајте ги и споредете ги док. 152-158 и извлечете заклучок за улогата и ефектот на пропагандата за време на социјалистичкиот период во Бугарија.

**Док. 159**
**Зградата на Бугарската Комунистичка Партија во Софија.**
(момент кога се симнува комунистичкиот симбол)



**Док. 160**
**Мавзолејот на Георги Димитров во Софија, архитекти Георги Овчаров и Рачо Рибаров, 1949**



**Док. 161**
**Привилегиите на пар-тиската елита**

- Министерството за безбедност и заштите (МБЗ) треба да обезбеди целосно опремено живеалиште (стан, вила) за членовите на Полити бирото (ПБ) и секретарот на бугарската аграрна унија, и да го и безбеди сите услови што се потребни за работа и одмор.

-Целокупното оддржување, поправки, реконструкции, опремување со намештај и опремување на тие живеалишта и нивните паркови и градини треба да ги организира и извршува МБЗ, и да се финансираат од буџетот.

- Транспортните возила за оние што се овластени и нивните гости ги обезбедува МБЗ.

-МБЗ треба да организира 25-дневен детски камп во "Евксиноград" за децата и внуците на членовите на ПБ до 12 годишна возраст. Сите транспортни трошоци и грижа за децата треба да се наплатуваат од буџетот на МБЗ.

*Извадок од ПРОТОКОЛ Б-13 на Политбирото на Централниот комитет на Бугарската комунистичка партија, 27.12.1962*

**Док. 162**
**Привилегиите на непостојаните членови на ПБ на ЦК на БКП (3) и секретарите на ЦК на БКП (7)**

-МБЗ обезбедува вила, соодветно опремена и изградена. Трошоците за одржување и опремување на вилите се финансираат од буџетот на МБЗ.

Треба да се плаќа месечна кирија од 12 лева за користење на обезбедените вили.

-Непостојаните членови на ПБ, на ЦК на БКП имаат по еден хигиеничар, а секретарите на ЦК на БКП имаат по еден двапати неделно.

-Тие добиваат специвикации од кантините без да платат за нивните патувања.

-Трошоците за службени и деловни патувања се финансираат од буџетот на МБЗ.

*Извадок од ПРОТОКОЛ Б-13 од Политбирото на Централниот комитет на Бугарската комунистичка партија, 27.12.1962.*

**Док. 163**
**Економска стимулација**
Декрет бр. 1 на Советот на министри од 6 до 9. 1.1959 за обезбедување на работници и специјалисти за реализација на 5-годишниот план во краткорочни термини.

Точка 3.

Специјалистите кои што одат на работа на друго место добиваат награда во висина од едномесечна плата плус додатоци во согласност со Законот за работа, како и трошоците за превоз на нивните домаќинства."

*Информација на Президиумот на Националното собрание, издание 4, 13.1.1659.*

**Док. 164**
**Привилегии за учителите**



ОКРЪЖЕН НАРОДЕН СЪВЕТ-УПРАВЛЕНИЕ"НАРОДНА ПРОСВЕТА"
БУРГАС
==============================

ЗАПОВЕД
№ 1362

ГРАД БУРГАС, т. 10.VII 1987 ГОДИНА

На основание чл.2, т.3 от 15-то ПМС от 2.IV.1985 година,

КОМАНДИРОВАМ:

др.Стоян Димитров Праматаров, редовен учител по трудово обучение в МЦТПО-гр.Бургас, за редовен учител по трудово обучение в Руенска селищна система, за срок от една учебна година, считано от 1.IX.1987 год. до 31.VIII.1988 год.

На същия да се заплаща вместо дневни, квартирни и командировачни пари допълнително трудово възнаграждение върху получаваната индивидуална щатна заплата, независимо от другите допълнителни възнаграждения - 50 %.

На същия да се заплатят пътни разноски във връзка с преминаването му на работа в Руенска селищна система на него и за членовете на семейството му в съответствие с раздел 6 от Наредбата за служебните командировки в страната и обезщетение за преместване на работа в друго населено място.

Препис от настоящата ми заповед да се връчи на лицето, началника на отдел "Народна просвета" при ОбНС - с.Руен и инспектор "Кадри", за сведение и изпълнение.

УПРАВЛЕНИЕ "НАРОДНА ПРОСВЕТА"
НАЧАЛНИК: /С.Сербева/

СЪГЛАСУВАНО С: ГЛ.СЧЕТОВОДИТЕЛ:
ГЛ.ЮРИСКОНСУЛТ:
СПЕЦИАЛИСТ"ТРЗ":
ИНСПЕКТОР"КАДРИ":

**Фотокопија од едно писмо за назначување на учител во место на живеење Руен**
Околиски народен совет - одделение Народна просвета - Бургас

Наредба бр. 1362, 10.07.87

По сила на Член 2, параграф 3 од 15-от Декрет на Советот на министри со датум 2. 4.1985 му доверувам работа на

Другарот Стојан Димитров Праматаров како редовен учител во Министерството за образование во местото на живеење Руен за временски период од една училишна година, од 1.9.87 до 31.8. 88.

Наместо патни трошоци и трошоци за сместување, ќе му се исплатува 50% додатоци за трудот еднакви на индивидуална редовно добиена плата, без разлика на други додатоци.

Патните трошоци за семејството ќе се исплатуваат согласно со став 6 од Одредбата што ги опфаќа службените патувања во земјата, и обесштетувањето за префрлување на работата во друго место на живеење.

Одделение Народна Просвета
Раководител

*Руенскиот систем за живеење се состои претежно од бугарско-турско население и е едно од најзаостанатите економски региони во околијата Бургас

---

**Док. 165**
**Привилегии за запишување на универзитет**

*Информација од Президијумот на Националното собрание, Издание бр. 38, 12.05.59*

Одредба за запишување на студенти на универзитетите за учебната 1959-1960 година

Ставка 3......се распределуваат:

А) 10% од сите места за сите специјалности треба да се оедат кандидати како што се, поранешни партизани, политички затвореници и нивните деца, херои на социјалистичкиот труд, по приемниот испит. Деца чии родители се убиени во антифашистичкиот отпор и во патриотската војна, и кои успешно ги положиле своите испити по соодветниот предмет, треба да бидат запишани на универзитетот согласно со нивните желби без да учествуваат на приемен испит.

---

**Док. 166**
**Учество на бугарските жени во политиката**

| | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| Население | 51 % | 49 % |
| Општински советници | 23 % | 77 % |
| Градоначалници | 5 % | 95 % |
| Министри | 21 % | 79 % |
| Заменици | 11 % | 89 % |

*Податоци за изборите 2001 - Фондација "ЖАР"*

**Док. 167**
**Фотографија на Лудмила Живкова* која дава почит на гробот на Константин-Кирил Философот во црквата "Св. Климнет" во Рим, 1975**



*Ќерката на Тодор Живков - Министер за култура

**Док. 168**
**Средба на "Округла маса", 1990**



*Округла маса" - По настаните во ноември 1989, кога започна демократска транзиција во Бугарија се формира една нова политичка институција" - "Округла маса" (3 јануари - 15 мај 1990). Најважните одлуки на овој форум, базиран на полскиот пример, во кој учествуваат опозицијата и сé уште владејачката Бугарска комунистичка партија, беа Законот за политичките партии, кој го обновија пар-тискиот систем, и Законот за избори, кој овозможи создавање на нов устав.



**Док. 169**
**Фотографија на Стание Дервишова, делегат на 12-от конгрес на БКП - 1981**

**Док. 170**
**Емел Етем**
**- потпретседател на Движењето за права и слободи, 2000**



**Док 171**
**Бугарската политичарка Елена Поптодорова во посета на Папата, 2000**



**Док. 172**
**Бугарскиот претседател Георги Парванов со македонскиот претседател Борис Трајковски во Скопје, 27.02.2002**



**Прашања:**

1. Каков вид заклучоци можете да направите за сличностите и разликите во промените на улогата на политичките личности пред и после демократските транзиции во Бугарија во 1989? Дали можете да најдете други слични карактеристики во политичката ситуација во Албанија и Македонија?
2. Каков бил односот на разните политички сили, во различни периоди, кон учеството на жените во политичкиот живот? Како гледате на таа состојба (док. 166-171)?
3. Извлечете заклучоци за реалното учество на жените во политичкиот живот на Бугарија.

# МАКЕДОНИЈА

**Док. 173**
**Тито во разни ситуации**

**Прашања:**
1. Што ви кажуваат овие слики за животот на Тито?

*www.arhiv.sv.gov.yu*




предна страница на списанието Life 21. Април 1952



одење на сафари





ТИТО на Марки и Споменици



со Софија Лорен и Џими Картер



со народот и децата

**Док. 174**
**Реалности?!**

**Прашање:**
1. Која е пораката на карикатурата?



*Македонска карикатура, Владимир Величковски, 1973*

**Док. 175**
**Штафета на младоста**

*Македонија за Југословенската федерација, В. Ачковска, 2001*

На 53-от роденден на Јосип Броз Тито (25.05.45), првата Штафета се одржа низ цела федерација на Југославија. Ова стана традиција и продолжи да се одржува се до смртта на Тито (04.05.80). Последната штафета заврши на гробот на Тито во Куќата на цвеќето на 25.05.80).

**Док. 176**
**Добредојде за Тито**

ПОЧИТУВАНИ ГРАЃАНИ!!!!
ИМАМЕ ГОЛЕМА ЧЕСТ ДА МУ ПОСАКАМЕ ДОБРЕДОЈДЕ НА ДРУГАРОТ ТИТО ВО САБОТА НА 14 МАЈ. ПОРАДИ ТОА ЉУБЕЗНО ВЕ МОЛИМЕ ДА ГИ ПРОСЛЕДИТЕ СЛЕДНИТЕ ПРОПИСИ:

1. Да излеземе сите на улиците, во сабота во 9 часот наутро. - мислам сите ние! - да бидеме пред нашите домови, од каде што сите заедно ќе отидеме на местото каде што треба другарот Тито да биде пречекан и каде што ќе му посакаме добредојде.

2. Секој треба да земе најмалку едно цвеќе што треба да го фрли на улицата 100 метри од првата кола во конвојот. Цвеќињата не смеат да се фрлаат на Титовиот автомобил.

3. Додека поминува конвојот, особено кога ќе минува другарот Тито, да бидеме радосни и весели, и да ја покажеме нашата среќа кога ќе го видиме другарот Тито, и да го поздравиме со пеење, мавтање знаменца и со поздравот - ТИТО, ТИТО!

4. Никој не треба да биде на балконите или на пенџерињата. Пенџериња та треба да бидат затворени. Пред зградата да има еден човек кој ќе ја чува се додека сите ние не се вратиме дома, и за тоа време никој не смее да влезе во зградата (дома).

БЛАГОДАРИМЕ ЗА ВАШАТА СОРАБОТКА!
ДА ЖИВЕЕ ДОЛГО НАШИОТ САКАН ДРУГАР ТИТО!

**Прашања:**
1. Каква е пораката на инструкциите?
2. Зошто Партијата/Државата го користи овој метод на инструкции? Дали е исто денес?

*http://www.on.net.com*

**Док. 177**
**Рокен рол група пее за Тито, 1980**

**ТРИ ПАТИ ГО ВИДОВ ТИТО**

Еднаш, татко ми се врати дома
од работа порано,
Ме облече во убави алишта
И ме однесе на плоштадот

Јас бев се уште дете,

и имав само пет,
Но се сеќавам добро на насмеаните лица на луѓето
и свечениот и среќен ден.

Не ми беа јасни знамињата, толпата,
само знаев дека е нешто важно,
Зошто татко ми ме држеше цврсто,
и ми велеше: "Сине, гледај и помни"?

И го видов Маршал Тито,
таа легенда, тој миротворец,
Тој човек, другар и борец,
беше тогаш кога го видов Тито за прв пат...

*Песна од Групата "Рани мраз"*

**Док. 178**
**Впечатоци на другите за ТИТО**

Ја запознав големината на неговата јасна визија, неговото длабоко разбирање за силите во светот.

*Индира Ганди*

Тито постигна Југославија да биде независна од двата блока, тој го одби ултиматумот на Кремљ и ласкавоста на Вашингтон... *Интернешенел Хералд Трибјун*

Маршал Тито не му припаѓа само на својот народ, тој е морална своина на целото општество.

*Лопез Портиљо, Претседател на Мексико*

Судбината се насмеала над југословенскиот народ кога им дала таков водач во најопасните години.

*Вили Бранӣ*

Маршал Тито отсекогаш ми бил многу драг, без разлика на неговата политичка определба. Јас не сум политичар. Чувствувам инстинкт на љубов кон него.

*Маршал Александар (Бриӣанец), 1949*

Тито не беше жртва на историјата, туку самата историја.

*Алберӣо Моравија*

*Последнаӣа биӣка на Тиӣо, 1981*

**Док. 179**
**Погреб, не Самит**

Никогаш порано, никогаш во историјата на човештвото немало толку многу луѓе заедно. Ако некогаш имало настан што ќе се памети кој што претставува средба на највисоки државници од целиот свет, тогаш ќе биде тоа. Но тоа не е самит, тоа е погреб...... 208 делегации дојдоа од 126 земји од целиот свет.

*Последнаӣа биӣка на Тиӣо, 1981*

**Док. 180**
**Претставници од цел свет на погребот на Тито**



*Последнаӣа биӣка на Тиӣо, 1981*

**Прашање:**
1. Каков впечаток добивате за Тито врз основа на оваа цела документација?

**Док. 181**
**Сведочења за едно злосторствочин**

"......По враќањето во Скопје наредниот ден, најдов две групи луѓе од Велес и Куманово, кои чекаа да ме видат. Штом влегоа, почнаа да протестираат, бидејќи нивните сакани - нивните мажи, татковци, браќа и синови, кои беа обвинети за соработка со окупаторите или за шпекулирање и профитирање од војната, беа егзекутирани таа ноќ, без никаква истрага. Бев многу изненаден, бидејќи никој не ме извести за ова..... Тие извикуваа и бараа:"

"- Каде се тие ваши народни судови? И ако постојат, дали тие работат јавно во текот на ноќите?

*Мојоӣ ӣаӣко Меӣодија Андонов-Ченӣо, Илија Андонов, 1999*

**Док. 182**
**Судењето на Методија Андонов – Ченто (19-22. 11. 46)**

".....Предметот на обвинение беше дека Андонов се обидел да изврши лично спротивставување на внатрешната и надворешната политика на Југословенската Република, со склучување договори да се оди во Париз за да се стави предлог пред Мировната конференција дека Вардарска и Егејска Македонија треба да станат мандантна територија (веројатно од /4-сила)."

"....Јавниот Обвинител нагласи дека тој го одбрал токму времето на Париската конференција за да се обиде да ја подели Македонија токму во време кога С.С.С.Р. прави се за одбрана на правата на малите народи, а Југославија ги брани правата за мир и демократија пред целиот свет."

"....Никакви аргументи не беа кажани за одбраната, освен што Попанков молеше за милост."

"..... Пресудите беа: Андонов: 11 години тешка работа со 5 години губење на граѓански и политички права и конфискација на имот најден на нагово име во времето на затворањето, т.е. злато и револвер."

*Архив на Македонија*

**Док. 183**
**Еден ден во затвор**

Методија Андонов – Ченто



*"Актуел" списание, 22.06.2001*

"Еден ден во затвор ми рекоа:" Исчисти. Важна личност доаѓа." Ние сите мислевме дека личноста ќе дојде во зградата, но таа голема личност отиде право во градината, отиде каде што работеше Ченто. Ченто секогаш го одредуваа да работи надвор со затворениците, иако спиеше во зградата, во иста соба со нас. Важната личност беше Лазар Колишевски. Тој отиде до него и тие зборуваа. Колишевски сакаше да се поздрави, но Ченто не го прифати поздравот. Ние ги гледавме додека се расправаа и зборуваа околу дваесет минути, обидувајќи се да се убедат еден со друг."

Лазо му рече: "Слушај, тоа беа времиња". Ченто одговори: " Нема оправдување. Ти беше власта, ти беше времето." Колишевски му рече дека ќе го ослободи. Ченто ми рече дека сакал да оди во Обединетите нации да зборува за тоа што се случува во Македонија, за Колишевски, за УДБА и сите тие работи."

".... Наредниот ден, Рачмор, еден од затворениците кој беше доктор, ме праша дали знам зошто тој бил ослободен, и ми рече дека Ченто имал рак. Тој бил ослободен за да не умре во затвор и да стане маченик. Тие го ослободиле за да умре надвор."

---

**Док. 184**
**Осум се премногу, но се помалку од осумнаесет**

*Јован Филип, "Подводни украси на политиката", 1993*

"Лазо, дали си таа личност што проповеда дека е премногу за иста личност да биде претседател два мандата"? "Па, премногу е" - ми рече тој, а јас продолжив: " Те молам да станеш и да го кажеш тоа од конгресната бина. Во тој случај, јавно ќе те подржам и ќе кажам дека нема да го прифатам изборот за втор мандат како претседател на Централниот комитет. Како што гледаш, го ветувам ова пред сведоци."

" 8 години можеби се премногу, но тие се многу помалку од 18 години. (Колишевски беше претседател на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија, повеќе од 18 години, т.е. тој беше шеф на Републичката хиерархија). Колишевски не одговори."

---

**Док. 185**
**Прво интервју**

*Списание "Старт",10.03.2000*

Ова е прво интервју на Лазар Колишевски.....важен македонски и југословенски државјанин и, помеѓу другото, прв претседател на националната влада на Македонија, по скоро дваесет години на достоинствена тишина, се согласи да даде интервју за печат. Со зборот достоинствена тишина, пред се мислам, на неговото одбивање да учествува во јавна расправа на која било тема, без разлика дали тоа е поврзано со македонските прашања, минатото на Македонија или поранешна Југославија.

…Владимир Дедиер, еминентен југословенски публицист и член на Ресел судот веднаш пред распаѓањето на С.Ф.Р. Југославија, рече во едно интервју дека Лазар Колишевски бил Сент Зист за Југословенската револуција и еден од малкуте кои што имале храброст да му се спротивставаат на Јосип Броз. Како што сите знаеме, Сент Зист, беше свест на Француската револуција.

**Прашање:**
1. Употребете ги документите за да откриете и да објасните зошто Лазар Колишевски и Методија Андонов- Ченто се контроверзни личности?!

**Док. 186**
**Обид за атентат на претседателот Киро Глигоров**

*Дневен весник "Нова македонија", 04.10.1995*

Околу 9:45 вчера сабајле, пред хотелот "Бристол", во една улица близу до плоштадот "Македонија", имаше обид за атентат на претседателот на државата, Киро Глигоров. Претседателот доби сериозни повреди на главата од експлозија на автомобил-бомба, но неговиот живот е вон опасност.

**Док. 187**
**Извадок од обраќањето на Претседателот Глигоров по повод членството на Република Македонија во Советот на Европа**
(Септември, 1996)

*www.arhiv.com.mk*



"На секаков начин, Република Македонија станува одржувач на мирот во Јужен Балкан, поради нејзината активна политика во подржување на пријателските односи помеѓу сите соседни земји...... реформи, пазарна економија и толеранција..... и основање на една модерна Европска правна држава."

**Док. 188**
**АБА награда за Глигоров**

*www.arhiv.com.mk*

Асоцијацијата на Американското Право (АБА), ја претстави својата годишна награда за придонес во развојот на правото и демократските принципи и пазарна економија на Претседателот Глигоров.

За време на неговиот говор на Советот на АБА, нејзиниот Претседател, Вилијам Еид, рече: "Целта на Асоцијацијата на Американското Право е правно и законско одржување на мирот во земјите низ целиот свет со мирни и ненасилни средства. Ја претставуваме наградата во чест на големите светски лидери врз основа на нивната заслуга за имплементирање на мирот во тешки околности. Неговиот пример на храброст, неговото посветување за решавање на кризити со посредство на преговори без употреба на сила, со што се спречува борба помеѓу етничките групи ни е јасна на сите."

**Док. 189**
**Сајт на Претседателот**



Претседателот Борис Трајковски со Пинто Тешеира *(Шеф на Европската Комисија во Македонија)*

*www.faq.macedonia.org*

"Почитувани граѓани,
Добродојдовте на веб страницата на Претседателот на Република Македонија. Република Македонија е демократска земја, а демократија подразбира информирана јавност.
Бидејќи транспарентноста е срцето на добра влада, сакам да ги обезбедам граѓаните со информации за следното:
Да се биде ефикасен јавен слуга бара не само давање информации, туку и отворен дијалог со граѓаните. Преку оваа веб страница, вие можете директно да ме контактирате и да ми поставувате прашања или да изразите загриженост."



**Прашање:**
1. Најдете ги разликите и сличностите помеѓу политичките личности во Македонија.

**ЗАЕДНИЧКИ ПРАШАЊА**

1. **Каква е разликата во улогата на политичките лидери во еднопартискиот и во повеќепартискиот систем?**
2. **Какво било влијанието на политичките личности врз обичните граѓани?**
3. **Какви форми на пропаганда биле користени во разни периоди во трите земји за политички цели?**
4. **Споредете ги Тито, Хоџа и Живков и дајте лична оцена за нив.**

# ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Клучни прашања**

1. Каков бил и каков е официјалниот став кон човековите права, и какво било и какво е влијанието на секојдневниот живот?

## ПОЛИТИЧКА СЛОБОДА

### АЛБАНИЈА

| | |
|---|---|
| **Док. 190**<br>**Устав од 1946** | Член 18<br>Слобода на говор, на печат, на организирање, на собири, собирање и јавни манифестации се гарантира за сите граѓани. |
| **Док. 191**<br>**Устав од 1976** | Член 53<br>Граѓаните уживаат право на говор, печат, колективно организирање, средби и јавни манифестации. Државата гарантира извршување на овие слободи, создава услови за нив и ги прави расположливи различните материјални средства. |
| **Док. 192**<br>**Устав од 1998** | Член 22<br>1. Гарантира слобода на изразување.<br>2. Гарантира слобода на печат, радио и телевизија.<br>3. Поранешното спонзорство на средства за комуникација се забранува. |
| **Док. 193**<br>**Еден ликовен уметник се сеќава**<br><br>*Лазар Тачи, сликар, учебник, Печатница, Тирана, 16.10.2001* | Во 1930 година, мојот татко емигрирал во Советскиот Сојуз. Се оженил со Анастазија и моето семејство се вратило во Корча во 1938. Во 1946, на барање на албанската власт, моето семејство било преселено во Тирана. Во тоа време само неколку луѓе знаеле да зборуваат руски и мојата мајка била една од нив. Била задолжена за "советската книжарница", која била единствен културен контакт што го имала Албанија со останатиот дел на светот. Неколку години по прекинувањето на политичките односи со Советскиот Сојуз мајка ми беше уапсена и беше под истрага една година. Таа беше обвинета за "антидржавна агитација и пропаганда" и беше осудена на 8 години затвор. По четири и пол години години беше ослободена од затвор поради сериозна болест. Три месеци подоцна умре. Семејството претрпело бројни последици. Сестра ми ја отпуштија од работа. Една година подоцна таа најде работа во продавница за леб. Јас бев наставник по ликовно во Тирана, но бев префрлен во селото Петрела. Како сликар 12 години не ми дозволија учество на јавни манифестации, а 1100 книги од мојата лична библиотека ми беа конфискувани. |
| **Док. 194**<br>**Комунистичкиот режим според еден пензионер**<br><br>*Сефер Рама, пензионер, машински инжинер, Тирана 08.10.2001* | По мое мислење, деновите од комунистичкиот режим беа најдобри во мојот живот. Во тоа време јас бев заштитен од несреќи и болести. Имав загарантирано работно место и бев заштитен од уличари, крадци, измамници, дрога и проституција. Живеев во незагадена средина. Ако ги почитувавте законите на комунистичкиот режим, немаше последици. Денес, под капиталистички режим, иако имам повеќе од 66 години, морам да работам бидејќи мојата пензија трае само 10 дена. Мојот 50- годишен придонес во работата е измамен од крадци, измамници и шарлатани во еден капиталистички систем со божемна демократија. |

**Док. 195**
**Барање на човекови права според Амнести интернешенел**
*Извештај на Амнести интернешенел, 1986. Албанија. Изданија на Амнести интернешенел, Лондон, Велика Британија.*

Амнести интернешенел беше загрижен за законитоста која строго ограничува одредени човекови права, под кои затворениците на совеста беа затворени. Поради официјално цензура и ограничувања на слободата на движење, не можеше да се направи точна проценка на бројот на затвореници по совест.

---

**Док. 196**
**Исполнување на обврските како членка на Обединетите нации**
*Извештај на Амнести интернешенел, 1980. Албанија Изданија на Амнести интернешенел, 10 Улица Саутемптон, Лондон WC2 E7 HF, Англија.*

Албанија е членка на Обединетите нации; меѓутоа нема ратификувани меѓународни конвенции за човекови права... Член 16 од казнениот законик (1977) одредува казни како “средство на принуда од политички и идеолошки карактер што се користи од социјалистичката држава во класната борба...”

Последните извештаи заусловите во затворите потврдуваат дека политичките затвореници продолжуваат да бидат праќани во работни кампови, како што се рудници за бакар во Спачи, дека медицинската грижа е лошаи дека затворениците примат неадекватна храна, барајќи дотурање на пакети од нивните семејства...... Казнениот законик набројува 34 злодела (од кои 23 се политички и воени злосторства) казниви со дискрециона смртна пресуда.

---

**Док. 197**
**Политичките слободи по смртта на Енвер Хоџа**
*Кочи Лубоња ‘Писмо од еден Дисидент” (Октомври 1986). Тирана 1995*

До другарот Рамиз Алија
Прв секретар на Централниот комитет на
Албанската работничка партија
Другарот Адил Чарчани
Претседател на Советот на министри на Републиката

....Да се рехабилитираат без испитување сите оние комунисти и патриоти кои беа убиени или умреа под тортура.... Да се ослободат колку што може поскоро и да им се дадат сите човекови права на оние коишто сé уште скапуваат во затвор или во логорите на смртта со нивните семејства....

---

**Док. 198**
**Поголеми заложби за почитување на човековите права**
*Албанска тортура и лош третман - крај на неказнетоста? Амнести Интернешенел, Мај 2001, Лондон WC1X 0DW, Велика Британија, стр. 3*

Сепак во последните 10 години се видоа унапредувања, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на човековите права. Да наведеме само некои од нив: Албанија стапи во Меѓународната конвенција за граѓански и политички права (ICCPR) во 1991, кон Конвенцијата за правата на детето при ОН (CRC) во 1992, и кон Конвенцијата на ОН против тортура или друг вид груб, нехуман и деградирачки третман или примена на казна. Исто така во овие 10 години дојде до развој на “граѓанско општество”, вклучувајќи ги и бројните невладини организации (NGO) со експертиза за многуте проблеми со кои се соочува земјата, вклучувајќи го и делот за човековите права.

**Прашања:**
1. Откријте ги сличностите и разликите од документите во кои човековите права се толкуваат на поинаков начин!
2. Каква беше ситуацијата за време на последната деценија? Дали ситуацијата се подобри или се влоши?

**Док. 199**
**Устав од 1946**

Член 15

Мажите и жените се еднакви во сите области на животот, приватен, политички и социјален. Жените имаат право да бидат подеднакво платени за работата и да ги уживаат истите права за социјално осигурување..... ...

**Док. 200**
**Устав од 1976**

Член 41

Жени кои што се ослободени од политичко угнету-вање и економско експлоатирање, и се голема сила на револуцијата, земаат активно учество во градење на социјализмот во нашата земја и во одбрана на татковината. Жените уживаат еднакви права со мажите во смисла на плата, одмор, социјално осигурување, образование, сите социо-политички активности и во семејството.

**Док. 201**
**Еднаквост помеѓу мажите и жените**



*"40 години Социјалистичка Албанија". Албум. Печатница "8 ноември", Тирана, 1984*

**Док. 202**
**Устав од 1998**

Член 18

1. Сите се еднакви пред законот.
2. Никој не може да биде неоправдано дискриминиран поради полот, расата...

**Док. 203**
**Жени во Албанскиот парламент 1945-1990**

| Години | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| 1945 | 76 | 6 |
| 1950 | 104 | 17 |
| 1958 | 171 | 17 |
| 1970 | 192 | 72 |
| 1974 | 167 | 83 |
| 1982 | 174 | 76 |
| 1990 | 169 | 81 |

*ПОДАТОК. Жени и мажи во Албанија, Тирана, септември, 1998*

**Док. 204**
**Жени во парламентите во некои европски земји**

| ДРЖАВА | % |
|---|---|
| **Белгија** | |
| Сенат | 10,9 |
| Комора на претставници | 9,4 |
| **Канада** | |
| Сенат | 13,3 |
| Комора на комуни | 13,2 |
| **Данска** | 33 |
| **Естонија** | 12,7 |
| **Франција** | |
| Сенат | 5 |
| Национално собрание | 6,1 |

| ДРЖАВА | % |
|---|---|
| **Германија** | |
| Бундестаг | 14,7 |
| Бундестаг | 20,5 |
| **Литванија** | 7,1 |
| **Шпанија** | |
| Сенат | 12,6 |
| Конгрес надепутати | 16 |
| **Велика Британија** | |
| Долен дом | 9,2 |
| **USA** | |
| Сенат | 6 |
| Претставнички дом | 10,8 |

*Документ од Интерпарламентарна унија за "распределба на местата помеѓу мажите и жените во 171 народни парламент" 30 јуни 1993*

**Док. 205**
**Дневник на една албанска жена**

*Дневник на една жена.*

...носејќи ја одговорноста да биде сопруга, мајка и жена, целосно економски потчинета на својот маж, таа не може да го изрази своето право на еднаквост со нејзиниот маж....

Таа работи многу и треба да се поистовети со нај-"световните" но неопходни проблеми преку целиот ден, како што се: струјата, водата.....

*Дневник на една интелектуалка.*

...Таа не знае како да преживее...Интелектуалка и квалификувана жена честопати е принудена да каже "да"

во секое време, бидејќи во спротивно ризикува да го изгуби своето работно место....

*Дневник на една селска жена.*

... Можете да ја најдете како работи во полињата, продава свеж зеленчук на пазар или како тропа на вратите по куќите за да достави само едно пластично шише млеко......

*Жената министер или дневник на еден заменик*

... Жената министер или заменик е толку понижена или потценета така што дури и кога кажува вистински и корисни изјави, никој не ја слуша и не ѝ верува......

*Дневник на една жена со големи очекувања*

Нашиот живот личи на вулкан што може да избие секој ден. Ние трчаме да го фатиме моментот и новостите, полни со илузорни визии и концепти за еднаквост и демократија во умноболниот тек на албанскиот живот...

*Севим Арбана. Жените-мостови за мир и разбирање, Тирана, 2000*

**Док. 206**
**Заштита на правата на жените во Албанија**

**Прашања**
1. Дали ситуацијата за правата на жените се променила во последната деценија?
2. Кои права на жените се највеќе нарушени во Албанија денес?

*Вјолька Мече, адвокат. Жените-мостови за мир и разбирање, Тирана, 2000*

.. Принципот на еднаквост помеѓу мажите и жените значително се применува во сите правни одредби на Република Албанија....

**Правни реформи**

Одамна пред 1990,.... еднаквоста помеѓу мажите и жените била правно санкционирана во Албанија. Оваа еднаквост го содржела постоечкиот елемент во целото законодавство во тоа време, но значителното идеолошко влијание во животот на земјата, како и животот на поединецот имплицирале подогматски карактер на ова санкционирање....

... Најнарушени права на жените во Европа се еднаквоста, правото на работа, слободата, животот, посегање по личноста на жените (употреба на сила против жената).

## ПРАВАТА НА МАЛЦИНСТВАТА

**Док. 207**
**Устав од 1946**

Член 35

Во Република Албанија, националните малцинства ги уживаат сите права, зачувување на нивниот културен развој и слобода на нивниот јазик.

**Док. 208**
**Устав од 1976**

Член 42

Заштита и развој на културата, народните традиции, употребата на мајчин јазик и неговата употреба во училиштата, на национланите малцинства им се гарантира еднаков развој во сите области на социјалниот живот. Секаква нееднаквост или каков било акт на кршење на правата на националните малцинства е противуставно и казниво со закон.

**Док. 209**
**Устав од 1998**

Член 20

1. Лицата кои што припаѓаат на националните малцинства имаат потполна еднаквост пред законот во сите човекови права и слободи.

2. Тие имаат право слободно да ја изразувааат, без забрана или присила, својата етничка, културна, верска и јазична посебност. Тие имаат право да го зачуваат и развиваат, да учат и да бидат учени на нивниот мајчин јазик, како и да се зачленуваат во организации и друштва за заштита на нивниот интерес и идентитет.

**Док. 210**
**Само во Социјалистичка Албанија малцинствата ги уживаат своите права**

*Енвер Хоџа, Два братски народа (Извадоци од политичкиот дневник и други документи за албанско-грчките односи) Тирана, 1985*

Јас сум сосема сигурен дека ниту едно малцинство во друга држава во светот не ужива права коишто малцинството ги ужива во Народна Социјалистичка Република Албанија.... За целта на демагогијата, буржоаските и ревизионистички устави прокламираат еднаквост на правата на националните малцинства, но всушност реална еднаквост не постои. Само во Албанија, каде што постојано се применува марксизмот-ленинизмот, правата на малцинствата и целосно се загарантирани и еднакви со останатиот дел од населението.

**Док. 211**
**Како да се убедат малцинствата да ја сакаат РПА**

*Енвер Хоџа, Два братски народа (Извадоци од политичкиот дневник и други документи за албанско-грчките односи), Тирана, 1985*

Ние не им забрануваме на малцинствата да ги играат стиловите на Лаберија и Кукеш, туку треба да ги охрабриме да ги играат на нивен сопствен начин. Со ваквиот начин на учествување, кога тие ќе видат дека нивните права целосно се применуваат, членовите на малцинството ќе ја сакаат партијата уште повеќе, бидејќи во нивните секојдневни животи, тие ќе искусат колку е исправна линијата на марксизмот-ленинизмот.

**Док. 212**
**Енвер Хоџа со жените делегати од грчкото малцинство на 8-от Конгрес на АПП, ноември 1981.**



*"Со народ, помеѓу пријатели". Албум. Тирана. 1983*

**Док. 213**
**Политичка ситуација на грчкото малцинство според Енвер Хоџа**

*Енвер Хоџа, Два пријателски народа (Извадоци од политичкиот дневник и други документи за албанско-грчките односи). Тирана, 1985.*

....Можам да го информирам грчкиот народ дека во цела Албанија има само 33 лица од грчко малцинство, кои служат казна затвор за кратко време поради разни прекршоци, а само 4 од нив за политички прекршоци.

**Док. 214**
**Политичка ситуација на грчкото малцинство според Амнести Интернешенел**

*Извештај на Амнести интернешенел, 1980. Албанија. Изданија на Амнести интернешенел, Лондон, Англија.*

... Во текот на годината, Амнести интернешенел испита тројца луѓе, од кои двајца се членови на грчкото малцинство, кои беа осудени на казна затвор согласно со чл. 55 од 1977.

**Прашање**
1. Зошто комунистички член од грчкото малцинство се кажува по националност како Албанец?

**Док. 215**
**Член на грчкото малцинство во РПА**

*Енвер Хоџа, Два пријателски народи. (Извадоци од политичкиот дневник и други документи за албанско-грчките односи), Тирана, 1985*

...Научив дека кога се пополнува лично во неговите документи како член на комунистичка партија, членот на малцинството ја изразува својата националност како Албанец. Таа работа не е точна, навистина тоа е политичка грешка и антимарксистичка. Партијата и нашиот Устав ги потврдуваат правата на малцинствата не формално туку конкретно....Ако има навистина таков случај тој треба да се исправи веднаш. Јас ќе зборувам за оваа работа денес со Секретаријатот на Централниот комитет на Партијата.

---

**Док. 216**
**Правата на грчкото малцинство во посткомунистичка Албанија**

*Human Rights Watch / Хелсинки, Мај1996, Њујорк, Вашингтон, Лос Анџелес, Лондон, Брисел*

Грчката заедница во Албанија доживува зголе-мување на правата на малцинството со завршување на комунистичкиот режим во согласност со поширокитe реформи што се случуваат во Албанија.... Сепак, проблемите остануваат, и има случаи каде што на грчкото малцинство му се оспорени основните права. Уште повеќе, кога се случуваат насилства, легалниот систем не обезбедува адекватно медицинска помош на жртвите.

---

**Док. 217**
**Правата на другите етнички малцинства, мај 1996**

*Human Rights Watch / Хелсинки, мај1996, Њујорк, Вашингтон, Лос Анџелес, Лондон, Брисел*

Грците и другите малцинства во Албанија вклучу-вајќи ги Власите, Ромите, Македонците, Србите и Црногорците, имаат свои политички и културни организации.

Според владините бројки бројот на македонското малцинство е околу 5,000, од кои најголем број живеат во осум села по должината на границата со Македонија. Дозволено е образование во нижите одделенија на македонски јазик. Етничките Македонци кои зборувале со Human Rights Watch / Хелсинки не се пожалиле на дискриминација од државата.

---

**Док. 218**
**Статистички податоци на Ромите во Албанија**

*Билтен бр. 1, Април 2001, правата на Ромите, младата генерација. Младински Форум за албански Роми "Амаро Дром", Тирана*

....Нема официјална регистрација каде што се спомнуваат Ромите, ниту дури во 1989, последната година на регистацијата.... Нивниот број се смета дека изнесува 90-100,000 луѓе, а некои поддржуваат бројка од 100,000 до150,000, меѓутоа овој податок не е потврден.

---

**Док. 219**
**Интервју со Миранда Фејзо, секретар на Албанскиот јужен форум за младите Роми, "Амаро Дром", Корча.**

*Билтен бр. 1, Април 2001, правата на Ромите, младата генерација. Младински Форум за Албански Роми "Амаро Дром", Тирана*

***Прашање:*** На националниот семинар зборувавте за дискриминација на Ромите во различни ситуации во текот на годината. Дали можете да ни кажете дали некогаш сте ја почувствувале оваа дискриминација?

***Одговор:*** Да ја кажам вистината, јас единствено сум се почувствувал дискриминиран кога бев на училиште. Ви го кажувам ова бидејќи познавам некои ромски студенти кои студираат на Универзитетот без самите да се идентификуваат како Роми. Тие мораа да го сторат ова едноставно за да ги продолжат студиите понатаму. Како и да е, јас мислам дека тоа беше дискриминација на пониско ниво, или, кажано поинаку, нашиот начин на живеење, нашиот молк и нашиот наследен ромски менталитет е дискриминација самата по себе. Со ваква изјава, јас сметам дека не се жалам што сум Ром, туку напротив, луѓето, без разлика кои се тие, имаат живот и треба да го уживаат бидејќи тоа е дар од Бога што треба да го почитуваат.

**Прашања**
1. Зошто еден комунистички член на грчкото малцинство се кажува по националност како Албанец?
2. Дали малцинствата имале права за време на комунистичкиот режим? Објаснете го одговорот.
3. Дали ситуацијата за правата на малцинствата се променила по 1991?

# ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

**Док. 220**
**Устав од 1946**

**Член 17**

…Родителите ги имаат истите обврски и задачи кон децата и оние родени вон бракот и оние родени во брак. Деца родени вон брак имаат исти права како и оние родени во брак.

**Член 24**

…Државата особено се грижи за децата на жртвите кои паднале во војната и за други жртви на војната.

**Член 28**

…Малолетните деца се заштитени со закон.

---

**Док. 221**
**Устав од 1976**

**Член 49**

… Родителите се одговорни за одгледување и комунистичко образование на децата.
Децата се обврзани да се грижат за неспособните родители и за оние без доволно средства за живот.
Децата родени вон брак имаат подеднакви права со оние што се родени во брак.
Сираци и деца без семејства ги одгледува и образува државата.

---

**Док. 222**
**Устав од 1998**

**Член 54**

1. Деца, адолесценти, бремени жени и млади мајки имаат право на посебна заштита од државата.
2. Деца родени вон брак имаат еднакви права со оние родени во брак.
3. Секое дете има право да биде заштитено од насилство, лош третман, експлоатација и нивна употреба за работа, што може да му наштети на неговото здравје и морал или да го загрози неговиот живот или нормалниот развој.

---

**Док. 223**
**Ученичка влада**

Во сите основни и средни училишта во земјата се основаат ученички влади.

Во моето училиште, секоја учебна година по кампањата за демокртатски избори, се бираат тројца сенатори од секој клас. Потоа, на првите состаноци, се бираат, разни комисии, како што се финансиска, секции, активности за финансии, еколошка итн. Сенаторите се членови на Владата. Главниот борд се состои од:

- Претседател - раководител на Владата - секретар -

Секоја одлука се донесува со консензус. Во случаи каде што ова не е можно, се применува гласање.

*Арта Ника, учител во основно училиште "9 окомври", во Саранда, март 2002.*

---

**Док. 224**
**Сенатори во основното училиште "9 Октомври" во Саранда**



*Школска архива*

**Прашања**
1. Какви беа правата на децата за време на комунистичкиот период?
2. Дали гледате некакви промени кај правата на децата во Уставот од 1998?
3. Какво е вашето мислење за ученичката влада?

# КЛАСНА БОРБА

**Клучни прашања**

1. Какви средства користеа комунистичките партии за наметнување на политичките системи врз обичните луѓе и како тие реагирале на тоа? Дали луѓето реагирале на ист начин во сите три земји?
2. Каков вид политички идеи биле создавани од системот?

**Док.225**
**Устав од 1976**

Член 4

Социјалистичка Република Албанија ќе го продолжи развојот на револуцијата и класната борба сè додека не се постигне конечна победа над капитализмот и додека не се постигне реализирање основање на социјализмот и комунизмот.

**Док.226**
**Суштината на организирањето на социјализмот**

...Целата историја на организирање на социјализмот во Албанија е една борба помеѓу револуцијата и контрареволуцијата, помеѓу два патишта на развој, против надворешните и внатрешните непријатели, како и во позицијата на луѓето и самата партија. Дури и после ликвидацијата на експлоататорската класа како таква, внатрешните и надворешните непријатели ниту за момент не го положија оружјето и не престанаа со својата борба против социјализмот...

*Енвер Хоџа, Нов Устав голема историска победа за партијата и народот. 1 ноември,1976.*

**Док. 227**
**Сеќавање на политичките затвореници**

Во тие есенски денови во 1960, кога ние мислевме дека нешто ќе се случи во Албанија, во мојата куќа во Тирана.... Решивме да ја формираме првата тајна социјал-демократска група. Се сретнавме со Пјетер Арбнори, кој имаше тајна група во Драч и одлучивме да ги здружиме двете групи.... Нашата активност беше предадена и членовите од групата беа уапсени...

Од крајот на јули 1962, јас бев обвинет за "големо предавство" по член 64 од Обвинителниот акт, и за "агитација и пропаганда во група"...... (член 73).

Судските процес се одржуваа зад затворени врати,а посматрачи беа службеници од Министерството за внатрешни работи и партиски високи службеници... Обвиненијата беа повеќе или помалку на иста линија: "ширење на пропаганда против Работничката партија и народната власт; се негираа придобивките на Република Албанија во политички, економски и социјални области"; се пропагираше буржоаскиот начин на живеење, се зборуваше лошо за социјалистичкиот реализам; се ширеа гласини против партијата и државните лидери..... Ние бевме осудени на 10 години затвор.

Јас бев сместен во ќелија број 9. Таа беше долга 6м и широка 4м, со две мали пенџерџиња оковани со железни шипки што гледаа кон исток. Имаше 40 затвореници на 24 квадратни метри, стиснати како сардини во конзерва. На крајот на собата, близу до вратата имаше две големи тегли за мочање и празнење на зделите за специјални потреби. Само трипати дневно, за време од пет минути, на затворениците им беше дозволено да одат во група во бањ-ите... Др. Мико беше од грчкото малцинство од Дивер, Саранда. Тој беше осуден на затвор двапати од комунистичката диктатура и страдаше 20 години во затвор. Никогаш не пропушти да им помогне на неговите сомаченици, и покрај фактот што тој самиот имал низа болести. Полициската држава исто така ги осуди неговиот син и зет на долги години затвор, но Доктор Мико Кономи никогаш не изгуби надеж дека режимот ќе пропадне. Тој умре во затворот во Бурели без никаква медицинска помош.

*Агим Муста, " Живи досиеја", Тирана, 1995.*

***Класна борба**

- Во комунистичката ера тоа се викаше борба на работничката класа, претставена од својата политичка моќ, против таканареченото влијание на остатоците на старото капиталистичко општество и неговата идеологија во сите области од животот.

**Док. 228**
**Општ број на затвори и затвореници за време на 1947**

| Вид | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Затвори | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 |
| Народни непријатели | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| Обични | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| Мешани | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Општ број на затвореници | 4749 | 5009 | 5076 | 5048 | 4077 | 4350 | 4298 | 4595 | 4882 | 4938 | 5109 | 5358 |
| Мажи | 4633 | 4886 | 4935 | 4905 | 4930 | 4238 | 3370 | 4477 | 4740 | 4819 | 4957 | 5206 |
| Мажи народни непријатели | 3059 | 3770 | 3759 | 3524 | 3439 | 3119 | 3051 | 3200 | 3277 | 3360 | 3261 | 3771 |
| Жени народни непријатели | 600 | 713 | 586 | 496 | 523 | 499 | 592 | 609 | 606 | 604 | 666 | 660 |
| Обични луѓе | 1090 | 1110 | 1310 | 524 | 1588 | 1231 | 47 | 1295 | 1453 | 1572 | 1848 | 1587 |
| Странски граѓани | 65 | 66 | 63 | 68 | 63 | 60 | 56 | 55 | 68 | 67 | 60 | 62 |
| Логори на смртта | 2 | 2 | / | 2 | / | 2 | / | 2 | / | 2 | / | 2 |
| Општ број на привремени | 1271 | 1158 | 1115 | 1126 | 1110 | 867 | 878 | 884 | 895 | 881 | 886 | 976 |

*Фехми Суфај "Историја на албанските затвори за време на XX век, Тирана 2000.*

**Прашања:**
1. Дали сметате дека класната борба е производ на Уставот од 1976?
2. Какво злосторство било извршено од страна на авторот н "Живи досиеја"?
3. Дали постоеле некакви разлики во затворските услови помеѓу Албанците и политичките затвореници на грчкото малцинство?
4. Колку категории на затвореници имало во затворот во текот на 1947?
5. Каков е вашиот заклучок за односот помеѓу различните категории на затвореници?

**Док. 229**
**Соопштение на странскиот печат за егзекуцијата на католичкиот свештеник Штјефчи Курти**

Njoftime të shtypit të huaj mbi ekzekutimin e priftit Don Shtjefën Kurti


AMERICAN
Press Clipping Service, Inc.
MAR 28 1973

Priest Executed In Albania

AMERICAN
Press Clipping Service, Inc.
MAR 28 1973

Religious Rites Get Priest Death

Priest Reported Killed Over Rites

*Фехми Суфај "Историја на Албанските затвори за време на XX век." Тирана 2000*

**Док. 230**
**Судски процеси против непријателите на народот во текот на 50-ти**



*Албанска Телеграфска Агенција*

# БУГАРИЈА

## УСТАВИТЕ ЗА ГРАЃАНСКИ ПРАВА И ОБВРСКИ

**Док. 231**
**Устав од 1947**

Член 71

Сите граѓани на Народна Република Бугарија се еднакви пред законот.

Не се дозволени привилегии врз основа на националноста, потеклото, религијата и богатството.

Со закон ќе се казнува секаква јавна изјава за расна, националистичка или верска омраза.

---

**Док. 232**
**Устав од 1971**

Член 35

(1)Сите граѓани на Народна Република Бугарија се еднакви пред законот.

(2) Секакви привилегии, или ограничување на правата не се дозволени без разлика на националноста, потеклото, религијата, полот, расата, образованието или статусот во општеството.

(3) Државата гарантира еднаквост на сите граѓани и овозможува условии можности да ги бараат своите права.

---

**Док. 233**
**Устав од 1991**

Член 6

(1) Сите лица се родени слободно и еднакви во достоинство и права.

(2) Сите граѓани ќе бидат еднакви пред законот.

Член 38.

Никој нема да биде прогонуван или ограничен во неговите права поради неговите ставови, ниту пак некое лице ќе биде обврзано или присилено да обезбедува информации лично за себе или за ставовите на други лица.

**Прашања:**
1. Какви се вредностите што се одобрени од овие статути согласно човековите права?
2. Дали има значителни промени во фундаменталните права што резултираат од промените на политичкиот систем во бугарското општество?

**Док. 234**
**Право на официјален протест**

Протестен митинг против неправилностите во ликвидација на претпријатијата.




Слоган:
Ние ве избравме - ние ќе ве смениме. Верувајте ни!

*Капитал весник 3-9 ноември 2001*

# СЛОБОДА НА ГОВОР И ПЕЧАТ. ПРАВО НА ЗДРУЖУВАЊЕ

**Док. 235**
**Устав од 1947**

Член 87

Бугарските граѓани ќе имаат право да формираат здруженија, компании и организации, освен ако тие не се против државата и општественииот поредок утврден со овој устав.

Формирање и членство на организации што имаат за цел да ги одземат или негираатправата и слободата на бугарскиот народ добиени со националното востание од 9 септември 1944 (....).

Член 88

Законот гарантира слобода на печат, на говор, или право на народот да се здружува и демонстрира мирно.

---

**Док. 236**
**Устав од 1971**

Член 52

(3)Организации кои се насочени против социјалистичкиот режим на Народна Република Бугарија се забранети (....).

Член 54

Бугарските граѓани ќе имаат слобода на печат, или на говор, или право да се здружуваат и демонстрираат мирно.

---

**Док. 237**
**Устав од 1991**

Член 39

(1) Секој ќе има право да го изразува своето мислење или да го објави (....).

Член 40

(1) Печатот и другите информации на јавните средства за информирање ќе бидат слободни и нема да бидат подложни на цензура.

Член 41

(1) Секој ќе има право да бара, добива и шири информации....

**Прашања:**
1.Дефинирајте кои групи на права се загарантирани според трите устава?
2. На кои каратеристики на своето време се однесуваат овие изрази?

**Док. 238**
**Слобода на говор и печат**




*Т. Цонев, 1964*

**Док. 239**
**“Запленети книги”**




Колич Гриша Господинов, Никола Генов

*Списание Отечество, 1990*

**Док. 240**
**Учесници на состанокот против владеачките социјалисти**



**Прашања:**
1. Во изворите (док. 238-240), кои граѓански права се видливи или кршени?
2. Кои од нив илустрираат усогласеност или разлика помеѓу реалноста и официјално доделените права?

**Док. 241**
**Политичка слобода**

Источна Европа се плаши од ширење на идеи од “Прашката пролет” во 1968. Родителите на Алфред Фосколо биле Французин и Бугарин. Тој студирал во Бугарија сé до 1949. Летниот одмор секогаш го поминувал во Бугарија. Во 1966 отпечатил 500 летки и ги донел во Софија. Младите сакаа слободни избори, слобода на печатот и место на живеење, работничко самоуправување, крај на Варшавскиот пакт, и рехабилитација на жртвите на репресија. Истата година, Фреди побара дозвола од бугарските власти да се ожени со неговата девојка бугарка:

“[...] Тоа беше во август 1968 и на 21 советите ја нападнаа Прага; на 28 август (....) ме уапсија и ме držеа во зградата на Државната служба за безбедност.

Судскиот процес започна на 6 јануари 1969. (....). Јавниот обвинител сакаше да ме осуди на смрт, мојот адвокат одговори дека тој е во право, но тој ќе барал посебно помилување. Бев осуден на 27-годишен затвор, а 15 од нив требаше да ги поминам во темна келија за шпиунажа. (....). Бев пуштен неочекувано на 30 април 1971 и се вратив во Франција. (....). Мојот престој во затворот во Бугарија не беше пожелен, бидејќи се одржуваше конференцијата во Хелсинки.”

*С. Куртуа, Н. Верт ат ал.,, Црна книга на комунизмот, 1999*

## ПРАВАТА НА МАЛЦИНСТВАТА ДА УЧАТ НА МАЈЧИН ЈАЗИК

**Док. 242**
**Устав од 1947**

Член 79

(....) Националните малцинства ќе имаат право да учат на својот мајчин јазик и да ја развиваат својата национална култура, како и задолжително учење на бугарски јазик.

**Док. 243**
**Турски учебник за учење на мајчин јазик, 1967**




**Док. 244**
**Турски учебник за деца во прво одделение, 1999**




**Док. 245**
**Устав од 1971**

Член 45

[…] На сите граѓани што не се родени како Бугари кои го прифаќаат задолжителното учење на бугарски јазик ќе им бидат дадени права да учат на својот мајчин јазик.

**Док. 246**
**Устав од 1991**

Член 36

(1) Учењето и употребата на бугарскиот јазик е право и обврска на секој бугарски граѓанин.

(2) Граѓаните чиј мајчин јазик не е бугарскиот ќе имаат право да учат и да го користат својот јазик заедно со задолжително учење на бугарскиот јазик.

**Док. 247**
**Бугарски дисиденти.**

*Е. Иванова. Бугарски Дисиденти 1988-1989. Дел I. С., 1997*

Стефан Гајтанџиев филозоф :

"Порано, за време на 60-те, 70-те и дури за време на 80-те, имало мал број на интелектуални кругови кои се сретнувале и зборувале, но тие постигнале само симболичен отпор.:. Писателот Георги Мишев: "Најшироко распространета форма на дисидентство во Бугарија беше"Аесопеан",т.е.индиректна, тајна форма на отпор против системот."

**Док. 248**
**"Отворен ден"* во Еврејскиот дом на културата, Бургас, септември**

* "Отворен ден" - Европски ден на еврејската култура што се организира за популаризација на еврејските традиции и култура.



**Прашања:**
1. Која била идејата, за организирање на "отворен ден"?
2. Испитајте кој еврејски празник се одржува тој ден?
3. Донесете заклучоци за реалните промени во правата на разни верски и етнички заедници по 1989?

**Док. 249**
**Резолуција изгласана на 8-от широкиот пленум на Централниот комитет на Бугарската комунистичка партија**
(Февруари - Март 1945)

*весник Работническо дело, т. 143, 06.03.45*

Пленумот објавува потполна еднаквост на правата за лицата, кои им припаѓаат на националните малцинства, и го отфрла антисемитизмот, како и штетните национа-листички активности помеѓу населението на националните малцинства.

**Док. 250**
**Организација на Парламентарна изборна платформа, 24 август 1945**

*весник Работническо дело, том. 252, 13.07.1945*

... 8. Еднакви права и должности за лицата од националните малцинства врз основа на еднаква лојалност кон нашата заедничка земја Бугарија...

**Док. 251**
**Права на Ромите**

*весник Романо еси (Глас на Циганот), 1948*

До оние кои се срамт самите што се викаат Роми и им се приклучиле на турското малцинство или христијански заедници: Нека ги симнат маските од нивните лица, нека ги кренат своите глави и нека покажат дека се Роми.

**Док. 252**
**Судбината на бугарскиот мавзолеј**

*Извештај од Лусеин Али Шолев, село Лудѓене, околија Пештера, објавено во Работническо дело, 29.03.45*

Плашејќи се од заканата на фашизмот, живеевме во тишина и горчина, трпејќи ги камшиците на вулгарниот цинизам и безобразни лаги од оние што ни ветуваа подобар живот.....

Искрено се надеваме дека бугарската демократска власт ќе биде праведна кон за сите Бугари без разлика на нивната вера.

**Док. 253**
**Говорот на Тодор Живков на седницата на Политбирото на БКП, 12.03.88**

*Според С. Трифонов. (Тајно), весник Поглед, 20.05.91.*

Но ние не го решивме проблемот. Давањето нови имиња не значеше ништо. Тие ги крстеа своите бебиња дома, секое новороденче имаше две имиња, итн. Национализмот почнува повторно да се буди под овие нови околности. Ајде да ја разгледаме важноста на една таква ситуација.

**Док. 254**
**Етнички проблеми.**
**Т. Цонев**



**Док. 255**
**Мемоари на Владимир (Адил) Косев. Село Чепеларе**

*Според Михаилов, Процес на заживување во Бугарија С., 1992*

Роден сум во 1907 и ме викаа Адил. Во 1912 година го добив името Борис. Во 1914 година повторно станав Адил. Во 1942 година бев прекрстен во Асен. Во 1944/45 бев повторно Адил. Сега во 1970 јас сум Владимир, така што имам променето осум имиња. Ќе има ли крај на тоа?

**Док. 256 Политиката на БКП кон малцинствата**

*Живков Т., Корекција на фалсификатите. 1993*

Една комплетно непостојана теорија, овековечена од Димитров и Червенков, доминираше во мултинационалниот живот во Бугарија - оној на еден етнос, една култура, еден начин на живот, религија и обичаји.

**Док. 257**
**Митинг на бугарските Турци кои бараат враќање на нивните имиња**

Слоган:
Си ги бараме нашите имиња и права




**Док. 258**

Слогани:
Црвени и сини пратеници, демократија не е протурска културна автономија.

*Црвеното е симбол на БСП, а синото на УДП




**Док. 259**
**Етничка структура на емигрантите во Бугарија**

*Интервју со Јордан Калчев, Раководител на службата во Институтот за статистика, весник "Пари", 12 Април 2002*

...Етничката структура на емигранти одговара на големиот степен на етничката структура на населението во земјата. Емиграцијата во земјата вклучува: Бугари - 80%, Турци - 12%, Романци - 6%, други - 2%.... Меѓу оние кои сакаат да емигрираат во странски земји се: Бугари - 81%, Турци - 13% и Романци - 2%...."

**Док. 260**
**Табела**

| Региони | 1950-1951 | | 1952-1988 | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Доселеник | Семејства | Лица | Семејства | Лица | Семејства | Лица |
| Вкупно | 20 809 | 84 941 | 28 924 | 105 344 | 49 733 | 190 285 |
| Бурса | 3 493 | 14 616 | 8 335 | 31 685 | 11 828 | 46 301 |
| Истанбул | 3 831 | 11 644 | 9 881 | 34 508 | 13 712 | 46 152 |
| Измир | 2 123 | 10 141 | 2 751 | 10 121 | 4 874 | 20 262 |
| Шекирдаг | 1 846 | 7 719 | 2 006 | 7 238 | 3 852 | 4 957 |
| Ески-шеир | 1 600 | 7 009 | 1 912 | 7 066 | 3 512 | 14 075 |
| Курклarели | 1 646 | 7 230 | 1 067 | 4 036 | 2 713 | 11 266 |
| Маниса | 1 885 | 7 961 | 603 | 2 018 | 2 488 | 10 241 |
| Анкара | 1 565 | 6 016 | 608 | 2 018 | 2 173 | 8 034 |
| Коџаели | 727 | 3 478 | 967 | 3 363 | 1 694 | 7 114 |
| Вкупно | 37 425 | 154 397 | 32 356 | 116 521 | 69 781 | 270 918 |

*Помеѓу Адаптација и Носталгија (Бугарски Турци во Турција) Составувач А Јељазкова, С., 1998*

**Прашања:**
1. Кое е фундаменталното разбирање на Комунистичката партија за човековите права на етничките заедници?
2. Кога се промени политиката на партијата?
3. Дали има промени во правата на различни верски и етнички заедници по 1989?

## ЖЕНИТЕ И НИВНИТЕ ПРАВА

**Док. 261**
**Устав од 1947**

Член 72

Жените ќе имаат еднакви права со мажите по сите прашања во државата, во приватниот, економскиот, социјалниот, културниот и политичкиот живот.

Оваа еднаквост на правата ќе се остварува бидејќи на жените им се гарантираат еднакви права за работа - еднакви плати, право на одмор, право на осигурување, на пензија и квалификација

Член 77

Државата ќе посвети посебно внимание на социјално, културно, работно, физичко и здравствено о образование на децата.

**Док. 262**
**Устав од 1971**

Член 36

Сите граѓани на Народна Република Бугарија имаат еднакви права без разлика на полот.

Член 38

(3) Брачните другари имаат еднакви права и должности. Родителите се обврзани да посветат посебно внимание во одгледувањето и комунистичкото образование на нивните деца.

Член 39

(1) Образованието на младите во комунистички дух е обврска на целото општество.

**Док. 263**
**Устав од 1991**

Член 14

Семејството, мајчинството и детството уживаат заштита од државата и општеството.

**Док. 264**
**Д-р Маргарита Браинова - една од првите специјалисти во областа на генетското инжинерство.**



**Док. 265**
**Ширин Местан- Претседател на Државната агенција за заштита на децата во Министерскиот Совет на Република Бугарија**



**Док. 266**
**Жените и политичкиот живот *Парламентарни избори 1997 –заедно со избирачките списоци***

| Партии: | СДС | | ДЛ | | Европска левица | | КНС | | БББ | | Вкупно: | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| I зона | 13 | 93 | 1 | 27 | - | 3 | - | 7 | - | - | 14 | 131 |
| II зона | 9 | 53 | 12 | 48 | 2 | 22 | 1 | 23 | - | 24 | 24 | 170 |
| III зона | 27 | 166 | 29 | 119 | 20 | 84 | 11 | 74 | 14 | 54 | 101 | 497 |
| Вкупен број на списоци | 49 | 312 | 42 | 194 | 22 | 109 | 12 | 104 | 14 | 78 | 139 | 798 |
| Број на мандати | 137 | | 58 | | 4 | | 19 | | 12 | | 240 | |

*Платформа 120*

Скратеници на табелата:
ADP – Сојуз на демократски сили (УДП, Демократска партија, БАПУ, БСДП, ВМРО)
DL – Демократско лево крило (БСП и нејзините партнери)
CNS – Коалиција за национален спас (МРФ и партнерите)
BBB – Бугарски бизнис блок

*Зона I–**гарантира мандат во Народното собрание***
*Зона II–**ова е неодредена зона (кандидатите можат или не можат да бидат избрани)***
***III зона** – незначајна промена на мандатот*

**Прашања:**
1. Какви беа социјалистичките и човековите вредности според уставите?
2. Какви заклучоци можат да се донесат за вистинската улога на жената во политичкиот живот (док. 261-266)?

# ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

**Док. 267**
**Закон за заштита на детето**

*- Основни права и обврски

Член 3

(1) Децата ги имаат правата утврдени во Глава Два* од Уставот на Република Бугарија.

Стенографски записи од 38 Народно Собрание, III Седница, 2000

**Док. 268**
**Балкански детски парламент одржа седница во зградата на Уставотворното собрание во Велико Трново, 1998**



**Док. 269**
**Првиот интернет страна "Заштита на детето"**




**Прашања:**

1. Кои се уставните гаранции за правата на децата во бугарското општество пред и по 1989 (док. 261-263 и 267)?
2. Кои се промените во политиката за заштита на детето по 1989 (док. 267, 269)?
3. Дискутурајте за улогата на детскиот парламент во градењето на модерно, граѓанско општество?

# МАКЕДОНИЈА

## УСТАВИ ЗА ГРАЃАНСКИ ПРАВА И ОБВРСКИ

**Док. 270**
**Устав од 1946**

Член 20

Сите граѓани на Народна Република Македонија се еднакви пред закон без разлика на националноста, расата, или верското убедување.

Не се признаваат привилегии врз основа на раѓање, статус, богатство или степенот на образование.

Секаков акт што обезбедува или привилегии или ограничувања на основа на националноста, расата и верското убедување, како и секаков поттик на национална, расна или верска омраза и неслога е противуставен и ќе биде казнет.

---

**Док. 271**
**Устав од 1974**

Член 177

Македонскиот народ и националностите во Социјалистичка Република Македонија се еднакви, сите ги имаат истите права и должности.

Член 178

Секоја националност има загарантирано право на слободен избор на јазик, слобода на изразување и развој на култура, и слобода за основање згради и институции во оние региони каде тие права постојат.

Член 179

Право на образование во институции и училишта во оние региони каде што животот на националностите може да биде на нивниот мајчин јазик.

---

**Док. 272**
**Устав од 1991**

Член 9

Граѓаните на Република Македонија се еднакви во нивните слободи и прва, без разлика на пол, раса, боја на кожа, национално и социјално потекло, политичко или верско убедување, имот и општествен статус.

Сите граѓани се еднакви пред Уставот и законот.

Член 10

Човековото право на живот е неотповикливо.

Смртната казна нема да се воведе во никој случај во Република Македонија.

Член 11

Човековото право на физички и морален дигнитет е неотповикливо. Се забранува секаква форма на тортура, или нехумано или понижувачко поведение или казнување.

Се забранува присилна работа.

---

**Док. 273**
**Македонски хелсиншки комитет за човекови права** (MHCHR)

*http://www.mhc.org.mk/*

Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија е независна невладина организација за заштита на човековите права, чија главна задача е да го следи и известува посматрањето на човековите права на локално и меѓународно ниво.

**Прашање:**
1.Споредете кои човекови права се дефинираат во различни периоди?

# ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ

**Док. 274**
**Антифашистички Фронт на Жените (АФЖ)**

За прв пат во нивниот живот, Македонските жени имаат еднакви права со мажите, да бараат свои права и интереси како еднакви членови на нашата заедница[…] Во нивната земја - Народна Република Македонија, Македонски, Албански и Турски жени уживаат еднакви права и услови за нивниот политички, културен и општествен напредок и развој.

АФЖ, заедно со сите други големи организации, придонесуваат многу за градење на социјализмот, нивното учество во власта, подемот на социјалистичко образование и совестна свест (Жени делегати на 1-от АФЖ Конгрес)

*5 години на Н.Р. Македонија, 1950*

**Док. 275**
**Седница на АФЖ**



*5 години на Н.Р. Македонија, 1950*

**Док. 276**
**Жените во производство**

Никогаш порано жените не учествувале толку многу во производство како денес. Тие се потполно еднакви со мажите и обезбедуваат драгоцена помош на нашиот социјалистички развој.

Многу жени добиваат награди за нивното добро и истакнато работење.



*5 години на Н.Р. Македонија, 1950*

**Док. 277**
**Извештај за човековите права во Македонија во 1996**

Групен извештај на жени каде што има нашироко распространето насилство во семејството врз жената. Културните норми го обесхрабруваат известувањето за таквото насилство; криминални обвинувања на основ на домашно насилцтво се многу ретки. Една кризна жешка линија прими околу 1,000 повици во текот на 1996.

Жените имаат исти законски права како мажите. Македонското општество, било во муслиманските или христијанските заедници, останува традиционално патријархално, а унапредувањето на жените во нетрадиционалните улоги е ограничено. Сега можат да се видат некои проминентни професионални жени во општеството. Групи за одбрана на жените се вклучуваат во Унијата на здруженија на македонските жени и Лигата на албанските жени....

Иако не постојат формални ограничувања за учеството на жените во политиката и власта, тие се порепрезентативни во овие области. Само 1 од 120 министри е жена, а само 4 од 120 членови на Парламентот се жени.

*Биро за Демократија, човекови права, и труд, 30 Јануари 1997*

**Док. 278**
**Организација на Сојуз на Жените на Македонија**

Организациите на Сојузот на жените на Република Македонија (СЖРМ) е невладина организација на жени од различни градови во Република Македонија. Од нејзиното основање СЖРМ функционира како мрежа од 46 организации членки. Овие организации се различни по структура и интереси. СЖРМ е мултиетничка мрежа од Македонки, Албанки, Роми, Срби и асоцијации на влашките жени.

Членовите на мрежата исто така го вклучуваат Здружението на немажени мајки, Здружение на жени од третата возраст (Ветерани), групи жени формирани од заинтересирани групи, како што се жените од руралните региони, жени од науката, деловни жени *(претприемачи) и мигранти.

*http://www.sozm.org.mk*

**Док. 279**
**Жените во политиката**

| | вкупен број | жени |
|---|---|---|
| 1990 | 120 | 5 |
| 1994 | 120 | 4 |
| 1988 | 120 | 9 |

**Прашање:**
1. На кој начин се променила улогата на жените во општеството?

## ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

**Док. 280**
**Комунистичката партија за правата на децата**

Има голем успех, но исто така и многу грешки и слабости во образованието на децата од Пионерската организација. Слабостите беа присутни во работната организација- таа беше слаба: премногу бавна во откривање на нови методи за работа со децата во политичката работа (политичка информација и студии за децата), и премногу строг “војнички”дух и дисциплина на училиште несоодветни за возраста и интересите на децата, правејќи ја непопуларна Пионерската организација помеѓу децата. Оваа организација успева да развие големо чувство на колективен живот помеѓу децата и кон колективната работа на нивните патриотски чувства, но, не ги обезбеди децата со забава, радост и детска среќа[...]

*За среќно детство, Скопје, 1972*

**Док. 281**
**Тито со пионери во Битола**



*www.arhiv.com.mk*

**Док. 282**
**Образовен систем**




*Македонски карикатури, Владимир Величковски, 1973*

**Док. 283**
**Во име на мирот**



*Македонски карикатури, Владимир Величковски, 1973*

**Док. 284**
**Извештај на Македонија за човековите права во 1996**

*Биро на демократија, Човекови Права, и Труд, 30 јануари 1997*

Строгото посветување на земјата за правата и заштита на децата е ограничено поради ограничени средства. Владата обезбедува задолжително образование до осмо одделение. И семејниот буџет и владината можност да обезбедат социјална грижа во случаји на потреба се под притисок поради лоши економски услови.

Нема случај на социјална злоупотреба против децата.

**Док. 285**
**Прва Детска амбасада во светот - "Меѓаши"**

*http://www.unet.com.mk/medzasi/index.html*

**Конвенција за правата на детето**

Член 1

За целите на оваа Конвенција, за едно дете се подразбира секое живо суштество што е под осумнаесет годишна возраст, освен согласно законот што е применлив.




**Најлоши типови на детски труд**

Член 2

1. Државните партии ќе ги почитуваат и гарантираат правата што се утврдени во оваа Конвенција за секое дете што е во нивна јурисдикција без дис-криминирање од каков било вид, без разлика на раса, боја, пол, јазик, вера, политичко или друго убедување, национален, социјално или етничко потекло, имот, неспособност, раѓање или друг статус на детето или на неговите или нејзините родители или пак на правниот застапник.

2. Државните партии ќе ги преземат сите соодветни мерки со кои детето е заштитено од сите форми на дискриминација или казнување врз основа на статусот, активностите, изразените мислења или убедувања на родителите на детето, правните застапници или членови на семејството.

**Док. 286**
**Вчера и денес**

*Интервју со учителот Трајко Новески (30 години работно искуство), 2000*

"Во комунистичката ера, образовниот систем беше создаден за да служи на официјалната политика и да ги подготвува младите луѓе за живот во еднопартискиот систем. Младите луѓе ги учеа дека единствени опции за добар и безбеден живот се: "Тито" или "Партијата". Имаше слогани за Тито насекаде во училиштата, како што се: "Тито е наш, ние сме Титови", "И по Тито - Тито" и други. Младинските организации во училиштата се викаа "Титови пионери."

"Сега се е поинаку. Политиката се отстрани од училиштата. Училиштата се сега полни со поинакви видови слогани посветени на познати научници, а децата не се присилуваат да сакаат политичка партија или политичко мислење. Тие треба да се слободни деца."

**Прашања:**
1. Каков бил односот на Партијата кон пионерските организации?
2. Во каков дух Партијата ги воспитуваше децата?
3. Споредете ја реализацијата на правата на децата во различни периоди!

# ПОЛИТИЧКА СЛОБОДА

**Док. 287**
**Интервју**

**Дали твојата 20-годишна казна беше намалена на крајот?**
Еднаш на три години,, потоа со 5 години, и така бев внатре 12 години.

**Дали ти беа одземени граѓанските права со казната?**
За десет години беа, но, се случи подоцна. Еднаш луѓето ме одбраа како народен делегат од мојата компанија. Директорот ме викна и ми рече: "Градишки, ти си обвинет, и не можеш да бидеш "народен делегат". Пишуваше во весниците дека сум обвинет и немам права и покрај фактот што сите мои права како граѓанин ми беа вратени.

**Дали се обиде да добиеш пасош?**
Не ми беше даден пасош се до пред неколку години.[...] Побарав откако излегов, но не добив. Тие дури и ме заплашија: "Сакаш пасош, но можеш да ја изгубиш главата"..

**Твојата идеја беше независна, обединета и самостојна Македонија**.
Од идеите на Илинденското востание и Гоце Делчев.

*Интервју со Борислав Градишки, Актуел, бр..14,2001*

---

**Док. 288**
**УДБА**

[...]Во ноември (1945), беше прогласен нов устав и Тито организираше силна армија и силни тајни полициски сили (УДБА) што му беа лојални. УДБА методски наоѓаше, затвораше и дури егзекутираше голем број на Нацистичките соработници, католички свештеници, оние кои се спротивставувале на комунистичката заложба за водење војна, и дури комунисти кои не се согласувале со Тито.[...]

*"http://www.cnn.com/SPECIALS/ cold.war/*

---

**Док. 289**
**Политички затвореник**

Со години не можевме да добиеме пасош за да патуваме во странство. Кога Тито, или друг државник доаѓаше во Македонија, "опасните елементи" беа држани во нивните домови неколку дена. Во тие времиња, често пати ни велеа да не излегуваме од дома во тие критични денови. На работното место редовно бевме опкружени од информатори, и третирани како граѓани од втора класа. Од време навреме, не викаа во полиција на информативен разговор, и кога имаше политичко бегство преку граница, или некоја политичка антидржавна активност, од поединци или групи, поранешни затвореници беа затворани и држани таму со денови и испитувани. Сите членови од нашето семејство беа во ваква или слична ситуација.

*Ефтим Гашев, Нашиот случај, 1995)*

---

**Док. 290**
**Политички затвореници**

**...**На крајот на август 1951, на Св. Ѓорѓија, дојде Александар Ранковиќ. Најстрашниот извршител на тортура од највисок ранг. Тој дојде да го посети нашиот логор. Сите стоевме. Бевме како скелети......

Ние, логорските станари, се поредивме сите во повеќе од километар...... имаше затвореници кои тежеа помеѓу 30 и 40 килограми..... Тој изгледаше како да е Господ, со најновите генерали, полковници, мајори, херои, борци, многу од нив со рани по нивните тела како спомени од одбраната на Југославија од државните и надворешните непријатели.

Ние, логорските станари, со главите надолу, на августовското сонце, го рецитиравме слоганот: "Да живее долго КПЈ", "Марко, Марко", "Тито, Партија", а нашите убедувања покажуваа дека ние ја срамиме Партијата....

*Сведочења од Голиоток,, Димче Најчевски, 1998*

**Док. 291**
**Политички Суд**

...Пресудата ми беше дадена неколку дена после судењето. Јас бев и огорчен и бесен откако ја прочитаа, бидејќи ние бевме третирани како нешто што не сме. Сите наши дејствија беа погрешно презентирани, се што реков за реалниот мотив на отпорот против системот и државата, против народната власт од тоа време и нејзиниот режим; само минимум од тоа беше во пресудата, и се беше погрешно, со премногу лаги, погрешни тумачења и објаснувања, и поради тоа јас напишав на последната страница: "Не сум рекол ништо од овие напишани работи за Благоја Мрмевски во пресудата, тој беше исто така обвинет со помош на огромна лага...."

*Глигор Крстевски, Отпор и прогонство, 1994*

**Док. 292**
**Извештај за човековите права во Македонија во 1996**

**Респект за граѓанските слободи, вклучувајќи:**
**a.** Слобода на говор и печат
Уставот забранува цензура и обезбедува слобода на говор, јавен настап, јавни информации и слобода за основање на излегување приватни медиуми. Владата воглавно ги почитува овие одредби во пракса.
**b.** Слобода на мирен собир и здружување
Уставот ги обезбедува овие права и владата воглавно ги почитува во пракса. Се бара известување однапред за големи митинзи, но властите не се појавуваат да го злоупотребат тоа барање, а собирите на опозицијата воглавно се случуваат без поголеми инциденти.

*Биро на демократија, Човекови права и труд, 30 Јануари 1997*

**Прашања:**
1. Каков е ставот на власта кон луѓето кои не се согласувале со официјалната политика?
2. Какви промени се случиле во врска со политичката слобода по 1990?

## ПРАВА НА МАЛЦИНСТВАТА

**Док. 293**

...претставници од одредени малцинства треба да се запишат во претставничките тела, поради структурата на населението на нивната територија; со гаранција да секоја националност го има правото да го користи својот јазик, да ја изразува и развива својата култура и да основа институции и организации кои ги гарантираат овие права; во местата каде што живеат националностите, образованието на членовите на националностите треба да се спроведува во училиштата и образовните институции, во кои треба да се одржува настава на јазикот на националностите, во општините каде што живее поголем број од националностите; во национални мешани реони во Републиката, жителите имаат еднакво право да го користат својот јазик во администрацијата и судската пракса, а јавните известувања да бидат двојазични.[121)]

121) Устав на СРМ член 72-75

*Фиданчо Стоев, Македонија како државна и самоуправна заедница, Скопје, 1987*

**Док. 294**
**Извештај за човековите права во Македонија во 1996**

Населението од 2.2 милиони е составено од разни национални и етнички групации, воглавно Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби и Власи. Сите граѓани се еднакви со закон. Уставот обезбедува заштита на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на малцинствата вклучувајќи ја и државната помош за образование на јазиците на малцинствата во средните училишта...

... Регистрирани се повеќе од 40 политички партии, вклучувајќи ги и партиите на етничките Албанци, Турци, Срби и Роми. Нема ниту еден случај каде што е одбиена регистрација во текот на годината........

...Членови на Парламент од етничко малцинство со 19 Албанци, 2 Роми, 1 Србин и 1 Турчин. Петмина Албанци-министри има во кабинетот од кои еден е и заменик министер и министер за економија.

*Биро на демокрашија, човекови йрава и шруд, 30 Јануари 1997.*

**Док. 295**
**Лигата на Албанските Жени во Македонија(ЛАЖМ)**

Лигата на Албанските жени е слободна, независна плурална и демократска асоцијација. Таа е отворена за сите жени, без разлика на нивното политичко или организационо убедување, и за жени кои не припаѓаат на ниту една партија, организација или унија. Целта на Л.А.Ж. и да ги заштити и рефлектира интересите на жените, и да им помага во нивната еманципација во согласност со принципите за заштита на човековите права од Повелбата на ОН, Хелсинки и ОБСЕ, финалниот документ на Копенхаген, Париската карта, и т.н.

*http://www.sazm.org.mk/*

**Док. 296**
**Резултати од избори**




**Док. 297**
**Образование на етничките Албанци:**

Образовниот систем на Македонија нуди целосна наставна програма на Албански јазик од основно образование до факултет. 30% (77,496) од учениците што се запишале во основно образование во Република Македонија се етнички Албанци и се школуваат на Албански јазик. Основното и средно образование на Албански јазик во Македонија го финансира државата.

Има 15,302 ученици од Албанска националност (17%) што се запишани во средно образование вклучувајќи го стручното и општото високото образование.

Бројот на младите Албанци што се образуваат на двата универзитета во Скопје и Битола се зголемува. Двата универзитета практикуваат политика за пристап на "потврдна активност", со гаранција дека 23% од престојните студенти на универзитетот се етнички Албанци што е пропорционално на севкупното население на земјата.

*http://www.macedonia.org/crisis/commitment.html*

**Прашање:**
1. За сите овие документи опишете ја положбата на малцинствата во различни периоди.

**ЗАЕДНИЧКИ ПРАШАЊА**

1. **Каква беше и каква е официјалната политика кон малцинствата и политичката слобода?**
2. **Каква беше и каква е еволуцијата на правата на жените и децата во трите земји?**
3. **Изнесете некои разлики и сличности за прашањата 1 и 2.**

| ТЕРМИНИ | |
|---|---|
| **Авторитарен режим** | Политички режим каде што една политичка личност воспоставува голема моќ, додека индивидуалните и колективни права се ограничени или нарушени, без нивно целосно елиминирање. |
| **Граѓански права** | Права на еден граѓанин на политичка, расна, правна, социјална слобода или еднаквост. |
| **Класна борба** | Марксистички термин, кој го дефинира конфликтот помеѓу општествените класи на две антагонистички групи: експлоататори и експлоатирани на основа на приватната своина на средствата за производство. Според Марксистите, класната борба е основа за историски развој. |
| **Култ на личноста** | Приврзаност кон една личност. |
| **Дискриминација** | Акција, со која една личност не се третира еднакво во споредба со други; ограничување на нечии права; одземање на право на глас на некои граѓани врз база на раса, националност, вера, пол и општествено-класно убедување. |
| **Дисидент** | Од 70-тите на XX век, термин за име на оние граѓани од СССР и Источно-европските земји кои не се согласувале и се спротивставувале на доктрините кои доминирале. |
| **Етничка заедница** | Од Грчки "ethnos" – племе, народ. Заедница на луѓе кои се разликуваат со заеднички јазик, религија, култура и традиции на живот. |
| **Геноцид** | Истребување со масовно убивање на луѓе поради расна, национална, етничка, верска или културна нетрпеливост. |
| **Човекови права** | Основни и неотповикливи права на секоја личност, засновани на принципите на Декларацијата за човековите и граѓанските права, донесени во Франција (1789) и прифатени ширум светот со Општата декларација за човекови права (1948): право на живот, на слобода, формирање семејство, независност на семејството и личен живот. |
| **Идентитет** | Комбинација на заеднички историски, културни и верски вредности, кои ги уживаат поединци или заедница и се разликуваат од другите. |
| **Идеологија** | Систем на идеи, вредности и концепции, кои се основа за ставот на луѓето кон светот и на нивното однесување во општеството.. |
| **Мавзолеј** | Од lat. Mausoleum – "гроб на сатрапот Маусол)". Надгробен споменик со големи димензии и импресивна архитектура. |
| **Малцинство** | Група на луѓе кои се во помал број од населението во една држава и кои се признаваат за нејзини граѓани. Го дефинираат етнички, лингвистички, верски и други особености. |
| **Национализам** | 1) Силна приврзаност кон нечија сопствена нација; патриотски чувства, заложби, принципи.<br>2) Движење за политичка, економска и друга независност во една држава која е контролирана од друга. |
| **Опозиција** | Маса на партии и политички сили кои се спротивставуваат на парламентарното мнозинство и владата. |
| **"Народна демократија"** | Го дефинира преодниот период кон наметнатиот Сталинизам во Источно-европските земји.. |
| **Плурализам** | Синхронизирана група на различни политички концепти и мислења: политички плурализам |
| **Политички систем** | Група на политички институции/државни институции, политички партии и стандарди на политички живот/, во кои се случува |

| | |
|---|---|
| **Пропаганда** | Систем на средства / фотографии, слогани, печат, телевизија, радио, и т.н. кои имаат за цел директно јавно мислење кон поткрепувачките политички идеи и личности. |
| **Заеднички права** | Права, кои се загарантирани со Меѓународното законодавство на секоја група на луѓе, претставена од државата, која ги потврдува тие права не на групата туку како право на поединецот. |

| **ХРОНОЛОГИЈА** | |
|---|---|
| **Албанија** | |
| **Декември 2. 1945** | Први пост-воени избори. Ова беше постигнато од Демократскиот Фронт во кој доминираа комунистите. |
| **Јануари 11. 1946** | Албанија беше прогласена за Народна Република |
| **Март 14. 1946** | Конституирање на Народната Република |
| **Март 14. 1946**<br>**Март 24. 1946** | Енвер Хоџа ја формира првата комунистичка Влада |
| **Септември 1946** | Анти-комунистичкото востание во Постриба не успеа. |
| **Февруари 10.1947** | Потпишување на Мировен Договор со Италија. |
| **1948** | Врските со Југославија се прекинаа. |
| **Февруари 1949** | Албанија стана членка на Советот за Заедничка Економска Помош, назначена од страна на Советскиот Сојуз. |
| **Мај 1955** | Албанија стана членка на Варшавскиот Пакт. |
| **Декември 1955** | Албанија стана членка на ОН. |
| **1961** | Врските со Советскиот Сојуз се прекинаа |
| **Септември 1968** | Албанија излезе од Варшавскиот Пакт. |
| **1968** | Религијата званично се забрани. |
| **Декември 1976** | Се одобри конституирањето на Народна Социјалистичка Република Албанија. |
| **Јули 1978** | Односите со Кина се прекинаа. Албанија целосно се изолира од останатиот дел на светот. |
| **Април 11 1985** | Умира Енвер Хоџа. |
| **Јануари 14 1990** | Прв обид да се урне бистата на Сталин во Шкодра. |
| **Март 26 1990** | Беа организирани анти-комунистички демонстрации во Каваја. |
| **Јули 2 1990** | Илјадници луѓе избегаа во амбасадите во Западно-Европските земји. |
| **Декември 1990** | Се дозволи политички плурализам. |
| **Декември 12. 1990** | Се формира прва политичка опозициона партија, Демократска Партија. |
| **Февруари 20. 1991** | Споменикот на Енвер Хоџа на Плоштадот "Скендербег" во Тирана беше разурнат. |
| **Март 31. 1991** | Се организираа првите демократски избори. |
| **Март 22. 1992** | Демократската Партија ги доби жестоките општи избори. Сали Бериша беше избран за Претседател на Албанија |
| **Јуни 1997** | Реџеп Мејдани, претставник на социјалистичката партија, беше избран за Претседател на Албанија. |
| **Ноември 1998** | Се изгласа нов Устав на Република Албанија. |

| ХРОНОЛОГИЈА | |
|---|---|
| **Бугарија** | |
| **9 Септември 1944** | Татковинскиот Фронт (ТФ), заедно со комунистите, земјоделските партии на левото крило, социјалдемократите и политичкиот клуб “Звено” станува силен и формира коалициона влада предводена од Кимион Георгиев. |
| **18 Ноември 1945** | Парламентарни избори, што ги доби Татковинскиот Фронт (ТФ). |
| **27 Ноември 1944** | Декрет со кој се укинуваат рестрикциите на луѓето со не-Бугарско потекло. |
| **8 Септември 1946** | Референдум за укинување на монархијата и за “народна република”. |
| **15 Септември 1946** | Бугарија се прогласи за република. |
| **4 Декември 1947** | VI Големо Народно Собрание го усвои Уставот на Народна Република Бугарија. |
| **Декември 1947** | Армијата на Советскиот Сојуз се распушта од Бугарската територија и ја напушта Бугарија. |
| **3 Февруари 1950** | Валко Червенков е на чело на Владата по смртта на Васил Коларов. |
| **Мај 11, 1951** | Повеќе од 100,000 Роми, Бугарски муслимани и Татари се изјаснуваат како Турци. |
| **25.02. - 03.03 1954** | VI Конгрес на Бугарската Комунистичка Партија, Тодор Живков станува прв секретар на Централниот Комитет на Бугарската Комунистичка Партија. |
| **02. - 06. Април 1956** | Априлска пленарна седница на Централниот Комитет на Бугарската Комунистичка Партија, кога Бугарската Комунистичка Партија ги проследи резолуциите од XX Конгрес на Комунистичката Партија на Советскиот Сојуз и го обвини култот на личноста, но тој култ беше препознатлив само со активноста на Валко Червенков. |
| **1958-1959** | Бугарскиот јазик станува задолжителен, Турскиот само како алтернативен избор. |
| **30 Декември 1958** | Одлука за присилно населување на 14,000 номади. |
| **5 Мај , 1962** | Масовно преименување на Романците. |
| **19 Ноември 1962**<br>**Март 1964** | Тодор Живков станува Премиер. Преименување на Бугарските муслимани. |
| **21 Ноември 1967** | Централниот Комитет на Бугарската Комунистичка Партија одлучува да ги интегрира Бугарските Турци низ мешани населби на основ на индустријализација. |
| **17 Јули 1970** | Секретаријатот на Централниот Комитет на Бугарската Комунистичка Партија воведува граѓански обреди. |
| **16 Мај 1971** | Се усвојува нов Устав после референдум. |
| **1 Август 1975** | Тодор Живков го потпишува Актот од Европската Конференција за безбедност и соработка со Хелсинки |
| **19 Јуни 1984** | Преименување на Муслиманите. |
| **9-10 Ноември 1989** | Тодор Живков е принуден да даде оставка на состанокот на Политбирото и на пленумот на Централниот Комитет на Бугарската Комунистичка Партија (БКП). |
| **18 Ноември 1989** | Прв митинг на опозицијата пред катедралата “Св. Александар Невски”. |

| | |
|---|---|
| **7 Декември 1989** | Се формира Сојуз на Демократските Сили (СДС) заедно со водечките опозициони групи предводени од Др. Жељу Желев. |
| **8 Декември 1989** | Тодор Живков е отпуштен од централниот комитет на КПБ на пленумот на централниот комитет на КПБ. |
| **10 Декември 1989** | Прв состанок на СДС на кој се инсистираше "дискусија на округла маса." |
| **26 Декември 1989** | Независниот синдикат "Поткрепа" го организира првиот штрајк, на кој се инсистираше на преодна влада и нови избори. |
| **29 Декември 1989** | Одлука за враќање на Турско-Арапските имиња. |
| **15 Јануари 1990** | Народното Собрание го укинува членот 1 од Уставот со кој се загрозува водечката улога на Комунистичката партија. |
| **3 Јануари – 15 Мау 1990** | Дискусија "округла маса" помеѓу опозицијата и лидерите на БКП за постигнување Бугарски метод на транзиција во демократија. |
| **3 Април 1990** | Петар Младенов е избран за Претседател на Народна Република Бугарија. |
| **3 Април 1990** | БКП се преименува во Бугарска Социјалистичка Партија (БСП). |
| **10-17 Јуни 1990** | Први слободни и демократски избори за VII Големо Народно Собрание, на кои победија БСП. |
| **1 Август 1990** | Големото Народно Собрание го избра Жељу Желев за Претседател на Бугарија, по оставката на Петар Младенов кој се повлекува под притисок на социјалниот протест. |
| **15 Ноември 1990** | VII Големо Народно Собрание го менува името на Народна Република Бугарија во Република Бугарија. |
| **12 Јули 1991** | VII Големо Народно Собрание го изгласува Уставот на Република Бугарија. |
| **01 Јуни 1996** | Бугарската опозиција организира за прв пат во Европа, прелиминарни избори што ќе одлучат за заеднички кандидат за претседател. Тогашниот претседател Жељу Желев губи од кандидатот од Сојузот на Демократските Сили, Петар Стојанов. |
| **27.10. - 30.11. 1996** | Петар Стојанов, кандидат на Сојузот на Демократските Сили, победува на изборите за претседател на Бугарија. |
| **3 Јануари 1997** | Први демонстрации од Сојузот на Демократските Сили кои инсистираат БСП да се откаже од своите уставни обврски за формирање на нова влада. |
| **10 Јануари 1997** | Опозицијата протестира пред зградата на Народното Собрание, што завршува со напад на зградата, доцна во ноќта полицијата ги растерува демонстрантите. |
| **4 Февруари 1997** | Бугарската Социјалистичка Партија не го признава својот мандат да формира нова влада, и се договараат предвремени парламентарни избори. |
| **21 Мај 1997** | Иван Костов станува Премиер откако Сојузот на Демократските Сили победија на парламентарните избори. |
| **24 Јули 2001** | Симеон Саксобуршки станува Премиер откако Националното Движење Симеон II победи на редовните парламентарни избори. |

| ХРОНОЛИГИЈА | |
|---|---|
| **Македонија** | |
| **02.08.1944** | Првото заседание на АСНОМ |
| **19.11.1944** | Ослободување на Македонија. |
| **11.03.1945** | Први слободни избори за градски и селски совети |
| **11.11.1945** | Избори за Собранието на ДФ Југославија |
| **31.01.1946** | Прогласување на Уставот на ФНР Југославија |
| **31.12.1946** | НР Македонија го прогласува својот прв Устав |
| **01.03.1948** | Односот помеѓу Југославија и С.С.С.Р. се влошува |
| **09.07.1949** | Првите 1200 луѓе се однесени на Голи Оток. |
| **24.07.1957** | Умира Методија Андонов-Ченто во Прилеп |
| **01.09.1961** | Прва конференција на неврзаните |
| **07.04.1963** | Се прогласува Уставот на СР Македонија |
| **25.07.1963** | Лазар Колишевски е сменет со Крсте Црвенковски на водечката функција во КПМ. |
| **21.02.1974** | Се прогласува нов Устав на СР Македонија |
| **04.05.1980** | Умира Јосип Броз Тито во Љубљана |
| **април 1989** | Македонија се дефинира како национална држава на македонскиот народ |
| **13.04.1990** | Се воведува повеќепартиски систем во Македонија |
| **11.11.1990** | Се одржуваат првите повеќепартиски избори во Македонија |
| **25.01.1991** | Македонскиот парламент ја објавува независноста на Република Македонија |
| **27.01.1991** | Киро Глигоров е избран за прв претседател на Р. Македонија |
| **20.02.1991** | ЈНА се повлекува од Македонија |
| **20.03.1991** | Се избра првата Влада на Република Македонија со Никола Кљусев како нејзин претседател. |
| **07.06.1991** | С.Р. Македонија званично го усвојува името Република Македонија |
| **08.09.1991** | Се одржа референдум за независна и суверена Р Македонија |
| **17.11.1991** | Се прогласиа Уставот на Република Македонија |
| **08.04.1993** | Република Македонија станува 181-ва членка на ОН. |
| **03.10.1995** | Атентат на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров |
| **05.10.1995** | Се изгласува законот за македонското знаме. |
| **09.11.1995** | Македонија станува 38-ма членка на Советот на Европа |
| **Октомври 1998** | Борис Трајковски беше избран за претседател на Република Македонија |

# БИОГРАФИЈА

## Албанија

**Хоџа Енвер** (1908 –1985)

Роден е во Ѓирокостра. Еден од основачите на Комунистичката Партија (1941). Од 1941 па се до 1985 Претседател на Комунистичката Партија и ја водеше комунистичката држава што ја основа. Политичкото угнетување и ликвидирање на неговите политички противници со помош на таканаречената класна борба и целосна изолација на земјата со сериозни последици за економскиот развој се основните карактеристики на политичкиот и економскиот живот околу 40 години.

**Бериша Сали.**

Роден е во Тропоја во 1944. Студирал медицина. Поради неговите одлични резултати бил назначен за предавач на Медицинскиот факултет (1967). На крајот на 1980, заедно со многу други интелектуалци, тој објавува во албански и странски весници и бараат прокламираат слобода на мислата и политички плурализам. Во почетокот на демократското движење тој бил заедно со студентите. Еден од основачите на Демократската Партија.

Член на Парламентот од 1991. Претседател на Републиката (1992-1997). Дејствува како лидер на Демократската Партија.

**Арбнори Пјетер**

Роден е во Драч во 1935. И покрај одличните резултати во училиште не му било дозволено да оди на универзитет од политички причини. Со помош на фалсификувани документи тој се запишал на Универзитетот во Тирана и дипломирал како наставник по литература. Во пролетта 1961година тој бил уапсен и осуден на смрт. Три месеци подоцна казната била променета на 25 годишен затвор. Во 1989, 28 години подоцна, бил ослободен.

Лидер на Демократската Партија во Шкодра (1991). Бил пратеник на Демократската Партија од 1992. Претседател на Парламент (1992-1997).

**Спиро Нако** (1918-1947)

е роден во Дуреш. Член на Централниот Комитет на Комунистичката Партија (1942), политички секретар на Централниот Комитет на Комунистичката Младина (1942), член на Политбирото на КПА (1943). Министер за економија и Шеф на Комисијата за Планирање на Државата (1946-1947). Во Ноември 1947 бил беше обвинет од Комунистичката Партија на Југославија како агент на империјализмот и анти-југословен. Под овие околности тој изврши самоубиство.

**Алија Рамиз**

роден во Скадар во 1925. Член на Комунистичката Партија од 1943. Верен соработник и следбеник на Енвер Хоџа. Прв Секретар на Централниот Комитет на ПЛА по смртта на Хоџа (1985-1990). Од 1944 до 1992 држел високи позиции во партијата и државата: Прв Секретар на Централниот Комитет на Унијата на Албанската младина (1949), член на ЦК на ПЛА (1948), член на Политбирото и секретар на ЦК на ПЛА (1961), Заменик шеф на Демократскиот Фронт (1967), Шеф на Претседателството на Народното Собрание (1982). Во 1985 тој се заколна дека ќе продолжи да го гради социјализмот по стапките на Е. Хоџа. Претседател на Републиката (1991-1992). Во Декември 1990, како резултат на многу тешката економска состојба и под притисок на демократските сили, тој беше принуден да го дозволи политичкиот плурализам во Албанија

## Бугарија

**Георги Димитров** (1882-1949).

Бугарски политичар и државник, лидер на Бугарското и меѓународно комунистичко движење. Обидот за пожар во Лајпциг од 1933 година беше одлучувачки момент во неговиот живот и кариера. Обвинет дека има поставено пожар во Рајхстагот, тој одлично се брани сам и добива светско признание. Неговата светска слава го однесе во канцеларијата на генералниот секретар на Третата Комунистичка Интернационала. Во 1946 Големото Национално Собрание го избра Георги Димитров за премиер. Тој исто така бил генерален секретар на Бугарската Комунистичка Партија се до својата смрт во 1949 година

**Тодор Живков** ( 1911-1998).

Бугарски политичар, државник и лидер на БКП. Во 1954 бил избран за прв секретар на Централниот Комитет на БКП. По Априлската пленарна седница на Централниот Комитет на БКП Живков бил првиот бугарски политичар што ја реализирал темелните промени во Москва по смртта на Сталин. Во 1962 Живков станува премиер. Од падот на Живков во есента на 1989 годинаима различни оцени за неговата личност.

**Жељу Желев** (1935).

Бугарски политичар, филозоф, истражувач, доктор на науки, претседател на Република Бугарија

од 1 август 1990 до 22 јануари 1997. Др. Желев бил на чело на дисидентското движење, кое почнало на крајот на 80-те. Желев е автор на многу расправи, студии и на книгата "Фашизмот" (1982). Книгата била забранета непосредно по нејзиното објавување поради сличноста помеѓу опишаната фашистичка држава и социјалистичката.

**Петар Стојанов** ( 1952 ).

Претседател на Република Бугарија од 22 јануари 1997. Тој стана пратеник на 37-то Национално Собрание кога беше избран за подсекретар на парламентарната група на УДФ. Победи на вторите претседателски избори (26 октомври - 3 ноември 1996). Главен приоритет на Стојанов е интегрирање на Бугарија во Европската Унија и НАТО.

**Симеон Борисов Саксе Кобург Гота**

Премиер на Република Бугарија (1937). Бил син на цар Борис III и царица Јоана. Во 1996 тој се враќа во Бугарија после 50 годишен егзил. На 6 април 2001, тој изјавува дека сака да живее во Бугарија. Учествува на Парламентарните избори на 17 јуни 2001, како лидер на Националното Движење Симеон II.(НДСС). После неспорна победа на НДСС, на 14 јули 2001, Симеон дава заклетва како премиер на Република Бугарија.

## Македонија

**Методи Андонов-Ченто** (1902-1957)

Македонски патриот и државник. Се до војната бил во опозиција, кандидат на обединетата опозиција на изборите во 1935 и 1938 година. Бил затворан неколку пати за време на Версајска Југославија. Од јуни 1941година, се до летото 1943 година бил во бугарски затвор.. По излегувањето заминува во партизани. Бил претседател на Президиумот на АСНОМ, претседател на Националниот Совет од 1946, претседател на Народното собрание на ДФМ. На изборите во 1945 година бил избран за пратеник на Народното собрание на НРМ и во Сојузното народно собрание. Поради неговите политички ставови во 1946 година бил принуден да поднесе оставка на сите должности. Притворен е во ноември 1946, а на монтираниот судски процес во Скопје осуден е на 11 години затвор. во затворот останал до септември 1955. Рехабилитиран е во 1991. Целиот свој живот тој го посветил на националното ослободување на Македонскиот народ и неговата земја.

**Киро Глигоров**

Адвокат по професија, и учесник во НОВ, член на КПМ од 1944. Бил секретар на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. По ослободувањето, бил на повеќе одговорни позиции во Републиката и Федерацијата како што се: Министер за финансии во Президиумот на АСНОМ, Сојузен секретар за финансии, претседател на Југословенскиот Парламент..... По првите демократски и повеќепартиски избори, Македонскиот Парламент го избра за Претседател на независна и суверена држава Македонија.

**Лазар Колишевски** (1914-2001)

Член на КПЈ од 1935. Еден од организаторите на НОВ во Македонија. За време на II Светска Војна од 1941-1944 тој е во затвор во Бугарија. Во отсуство е избран за секретар на ЦК на КПМ, како и за делегат на АВНОЈ и за член на неговиот Президиум, и за делегат на АСНОМ. На Второто заседание на АСНОМ е кооптиран во Президиумот. После војната заземал повеќе важни позиции, како што се: претседател на Народната влада на Македонија, претседател на Народното собрание на НР Македонија, републички и сојузен пратеник, член на Претседателството на федерацијата и нејзин претседател.

**Јосип Броз Тито** (1892-1980)

Од 1937 лидер на КПЈ. Организатор и учесник на НОВ во Југославија 1941-1945). По војната заземал важни државни позиции, како што се: Претседател на Југославија, Претседател на владата на Југославија, Врховен командант на вооружените сили во Југославија и др.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## Албанија


1. Албанија татковина на Европски вредности, Тирана, Јуни 2001
2. Албанија. Тортура и малтретирање - крај на неказнување? Мај 2001, Amnesty International, Лондон WC1X 0DW, Велика Британија.
3. Албанска Телеграфска Агенција. Рушење на споменикот на Енвер Хоџа.
4. Албанска Телеграфска Агенција. Судење на народните непријатели за време на 1950-те.
5. Алија, Р."Јас , Рамиз Алија сведожба за историјата". Второ издание. Тирана, 1993.
6. Извештај на Амнести Интернешенал, 1980. Албанија Амнести Интернешенал
7. Извештај на Амнести Интернешенал, 1986. Албанија. Амнести Интернешенел Објавени дела,1. Easton Street, London WC1X 8DJ, Велика Британија.
8. Устав од 1946, Службен весник бр. 19. Тирана, 19.03.1946
9. Устав од 1976. Службен весник бр. 5. Тирана, 30.12.1976.
10. Устав и други материјали за објаснување. Тирана. Декември 1998.
11. Совет на Европа за Албанија. Резиме на документи 1991-1997. Тирана, 2000.
12. "Енвер Хоџа". Албум. Тирана,1986
13. "40 години Социјалистичка Албанија."Албум. Печатница "8 Ноември", Тирана,1984
14. Историја на Албанскиот народ, Тирана, 1996.
15. Хоџа Е. Поставување темели на нова Албанија. Тирана 1984.
16. Хоџа Е. Извештај за активноста на Централниот Комитет на Албанската Работничка Партија. Доставен на 7-от Конгрес на Албанската Работничка Партија. 1 Ноември 1976.
17. Закон за главните Уставни одредби од 1991. Слу'бен весник бр. 4. Тирана. Јули 1991.
18. Лубоња К. "Писмо од еден дисидент" (Октомври 1986). Тирана 1995.
19. Муста А. ""Живи докази", Тирана, 1995.
20. Службен весник. Тирана, 1.10.1945. За изборните списоци
21. Суфај Ф. "Историја за Албанските затвори за време на XX век" Тирана 2000.
22. "Тирана ". Албум . Тирана, 1990.
23. ."25 години Социјалистичка Албанија". Албум. Тирана, 1969.
24. Варфи Ѓ. "Албански Весници", Тирана, 2000
25. "Со Народот, меѓу Пријатели." Албум. Тирана.


## Бугарија


1. Ассенов, Б. Таканаречениот повторно оживеан процес (Присилно преименување на бугарските Турци) и Службата за државна безбедност. Софија 1996. (Асенов, Б. Възродителният процес и Държавна сигурност. С., 1996.)
2. Баева, И. Бугарија и Источна Европа. Софија,2001. (Баева, И. България и Източна Европа. С., 2001.)
3. Бејтулов, М. Животот на населението од турско потекло во Народна Република Бугарија. Софија, 1975. (Бейтулов, М. Животът на населението от турски произход в НРБ.С,1975.)
4. Бугарија во сферата на Советскиот интерес. Бугарско-руски научни дискусии., Софија,1998. (България в сферата на съветските интереси българоруски научни дискусии. С., 1998.)
5. Бугарските устави и уставни проекти. Составени од В. Методиев, Л. Стојанов. Софија,1990 (Български конституции и конституционни проекти. Сьст. В.Методиев, Л. Стоянов. С., 1990.)
6. Бугарски ГУЛАГ сведоци.,Софија,1991. (Българският ГУЛАГ. Свидетели. С., 1991.)
7. Василева, Б.Бугарска политичка емиграција после Втората ветска војна. Софија,1999. (Василева, Б. Българската политическа емиграция след Втората световна война. С., 1999).
8. Василева, Б. Евреите во Бугарија 1944-1952. Софија,1992. (Василева, Б. Евреите в България 1944-1952. С., 1992)
9. Врските на компатибилноста и некомпатибилноста помеѓу муслиманите и христијаните во Бугарија. Етно-културно истражување под водство на З. Георгиева,1993-1994. ,Софија,1994. (Връзки на съвместимост и несъвместимост между мюсюлмани и християни в България. Етнокултурни изследвания под ръководството на Ц. Георгиева,1993-1994.С.,1994.)
10. Генов, Д.,Таиров, Т.,Маринов,В. Циганската популација во Бугарија на патот кон социјализам.Софија,1968. (Генов,Д.Таиров,Т.,Маринов,В.Циганското население в България по пътя на социа-лизма.С.,1968.)
11. 1994. Димитров, Д. Советска Бугарија за време на трите мандата. Од Архивата на Форин Офис. Лондон,ББЦ,1994. (Димитров, Д. Съветска България през три британски мандата 1956-1963. Из архива на Форин офис. Лондон, BBC, 1994.)
12. Димитров, Д. Советска Бугарија. Книга II. 1964-1966. Лондон,ББС,1999. (Димитров, Д. Съветска

България. Книга втора 1964-1966. Лондон, BBC, 1999. )

13. Елитата и промените во Бугарија. Сведочења на првите политичари после 1989. Софија, 1998. (Елитът и промяната в България. Свидетелства на първата вълна политици след 1989 г. С., 1998. )

14. Иванова, Евг. Бугарските дисиденти 1988-1989.Дел I. Софија,1997. (Иванова, Е. Българското дисидентство 1988-1989.Ч. I. С., 1997.)

15 Исусов, М. Сталин и Бугарија.Софија,1991. (Исусов, М. Сталин и България. С., 1991.)

16. Калинова, Евг., Баева,И. Бугарските транзиции1944-1999. Софија,2000. (Калинова, Е., Баева,И.. Българските преходи 1944-1999. С., 2000.)

17. Устав на Република Бугарија. Софија, 1991 (Конституция на Република България. С., 1991.)

18. Крамптон, Р. Кратка бугарска историја. Софија,1994. (Крамптън, Р. Кратка история на България. С., 1994.)

19. Куртуа, Ст. Верт, Н., и.т.н. Црната книга на комунизмот Софија,1999. (Куртоа, Ст., Верт, Н. и др. Черната книга на комунизма. С., 1999.)

20. Личности од времето. Книга I, Софија 1996, Книга II, 1997. (Лица на времето. Т.I, С., 1996; Т.II, 1997. )

21. Мемишев, Ј. Заедно во социјалистичка изградба на татковината(здружение на бугарските Турци за градење на социјализмот).Софија,1984. (Мемишев, Ю.Задружно в социалистическото строителство на родината (приобщаването на българските турци към изграждането на социализма).С.,1984.)

22. Огњанов, Л. Бугарската држава и политичкиот систем 1944-1948. Софија, 1993. (Огнянов, Л. Държавно-политическата система в България 1944-1948. С., 1993.)

23. Симеонов, П. Големата промена 1989-1990. Софија, 1995. (Симеонов, П. Голямата промяна 1989-1990.)

24. Стојанов, В. Турската популација во Бугарија помеѓу половите на етничка политика.Софија,1998. (Стоянов, В. Турското население в България между полюсите на етническата политика. С., 1998. )

25. Стојанова, П., И. Политички опасни личности-апсења, работна мобилизација, миграции после 1944. Софија, 1991. (Стоянова, П. Илиев, Е. Политически опасни лица – въдворявания, трудова мобилизация, изселвания след 1944 г. С., 1991.)

26. Страници од Бугарската историја. Книга II . Софија ,1993. (Страници от българската история. Т.2, С., 1993.)

27. Тахиров, Ш. Бугарските Турци на патот кон Социјализмот. Софија, 1978. (Тахиров, Ш.Българските турци по пътя на социализма.С.,1978)

28. Ташев, Т. Бугарските министри 1879-1999. Софија, 1999. (Ташев,Т. Министрите на България 1879-1999. С., 1999.)

29. Тодоров, Н. VII Големо собрание видено од агол на други. Софија,1993. (Тодоров, Н. VII Велико народно събрание зад кадър. С., 1993.)

30. Топенчаров, Вл.. Бесот на моето време. Софија, 1993. (Топенчаров, Вл. Бесове на моето време. С., 1993.)

31. Топенчаров, Вл. Извор на сеќавања. Софија, 1989 (Топенчаров, Вл. Кладенецът на спомените. С., 1989.)

32. Тоталитаризам. Историско искуство на Источна Европа. Москва, 1995. (Тоталитаризм. Исторический опыт Восточной Европы. Москва, 1995. )

33. Трифонов, Ст. Муслиманите во политиката на Бугарската др жава (1944-1989). Страници од Бугарската историја. Настани, рефлексии, личности. Софија, Просвета, 1993. (Трифонов, Ст.Мюсюлманите в политиката на българската държава (1944-1989). Страници от българската история. Събития, размисли, личности. Т.2, С. Просвета,1993.)

34. Зачевски.,В. Бугарскиот комунизам. Софија,1993. (Цачевски, В. Българският комунизъм. С., 1993.)

35. Цветков, Г. Судење на опозиционите лидери. Софија, 1991. (Цветков, Ж. Съдът над опозиционните лидери. С., 1991.)

36. Fejto, F. La fin des d*mocraties populaires. Paris ; Seuil, 1992.

37. Lory, B. L'Europe balkanique de 1945 * nos jours. Paris, Ellipses, 1996.

38. Крамптон, Р. Источна Европа во дваесетиот век. Ратлиџ. (Crampton, R. Eastern Europe in the Twentieth Century. Rutledge.)

39. Браун Џим Ф. Потрага за слобода. Крајот на комунистичкото владеење во Источна Европа. Duke University Press, Дарам и Лондон, 1991. (Brown, Jim F. Surge for Freedom. The End of Communist Rule in Eastern Europe. Duke University Press, Durham and London, 1991)

40. Рушење на етнички идентитет: Циганите во Бугарија. Њујорк, 1991. (Destroing Ethnic Identity: The Gypsies in Bulgaria. New York, 1991)

41. Источна Европа во револуција. Cornell University Press, 1992. (Eastern Europe in Revolution. Cornell University Press, 1992. )

42. Kasabajan, L. M. Aknarker boularahaj hamajankhi patmouthjan 1894-1970). 1986.

43. Кенрик, Д. Усмената традиција помеѓу Ромите во Бугарија - усмена традиција помеѓу Ромите. Лацио Дром, 1986. (Kenrick, D. The oral Tradition among The Romanies in Bulgaria - Oral tradition among the Rom. Lacio Drom, 1986.)

44. Шимшир, Б. Турците од Бугарија. Лондон 1998. (Simsir, B. The Turks of Bulgaria. London1998. )

**Македонија**

1. Јован, Ф. Подводни гребени на полити-ката, Скопје, 1993
2. Крстевски, Г. Отпори и прогони, Скопје, 1994 3. Максимовски, И. Политичкиот затвореник за Македонија, Куманово, 1991
4. Титовата последна битка, Скопје 1981
5. Преглед на историјата на комунистите во Југославија, Скопје, 1963
6. Младеновски, С. Врапчето во Македонија како специфицен хумористичко-сатиричен поетско-музички жанр, Скопје, 1985
7. Архив на Македонија, АСНОМ Документи, Скопје, 1984.
8. Bilandzic, D. Historija Socijalisticke Federa-tivne Jugoslavija, Zagreb, 1978
9. Станојевиц, Т. Поруке револуције, Београд, 1979
10. Биланџиќ, Д. Историските пресвртници во развојот на Југославија, Скопје, 1986
11. Османли, Т. Ослушувањаа во глуво доба, Скопје, 1993
12. Републички завод за статистика, Развој на СР Македонија, Скопје, 1986
13. Павловски, М. Ј. Од првична идеја до држава, Скопје, 1992
14. Велјановски, Н. АСНОМ државотворни димензии, Скопје, 1994
15. Ачковска, В. Македонија во југословен-ската федерација, Скопје, 2000
16. Мирчески, С. Алманах на Република Маке-донија, Скопје, 1998
17. Гашев, Е. Нашата кауза, Скопје, 1995
18. 5 години НР Македонија, 1950
19. За среќно детство, Скопје, 1972
20. Климовски Саво, Општествено уредување на Република Македонија, Скопје, 1994

# НАСТАВНИ ПРИОДИ

### 1.ПРОМЕНЕТИ УЛОГИ

Од позиција на друг да се објаснат уставите

**Ситуација**

Вие сте студент (новинар) од Македонија. Коментирајте ги од ваша гледна точка правата на малцинствата во Бугарија (Албанија), и обратно!

### 2. ТИМСКА РАБОТА (ГРУПНА РАБОТА)

Врз основа на документи да се дефинираат промените во улогата на политичките лица во политичкиот живот во трите земји

1Група Толкување на улогата на политичките лидери.

2 Група Анализа на пропаганден материјал

3 Група Толкување на улогата на жените во политиката.

### 3.ТИМСКА РАБОТА (ГРУПНА РАБОТА)

Задача за сите групи – да ги анализирате и споредите националните симболи на трите земји

1 група – да ја претстави еволуцијата на грбовите

2 група – да ја претстави еволуцијата на знамињата

3 група – да ја претстави еволуцијата на химните

**ДИСКУСИЈА НА ЧАС:**

Коментар: Промени во политичките системи што се одразиле во државните симболи по падот на комунистичкиот систем.

### 4. АКТИВНА РАБОТА

Припремите пропагандни материјали за политички личности по ваш избор

- Постер
- Изложба со фотографии

### 5. ЕМПАТЕТИЧКА РЕКОНСТРУКЦИЈА – МЕТОД НА СИТУАЦИЈА

Напишете состав за улогата на жените во политиката – период по ваш избор

- како новинар
- како учесник на научна конференција
- мемоари на жени во политиката

### 6. ДИСКУСИЈА

Какви беа условите на живот на малцинствата во трите земји пред периодот на транзиција и по тоа.

Задача за учениците: Прочитајте и одберете предложен материјал и дискутирајте за правата на малцинствата во трите земји

### 7.ТИМСКА РАБОТА (ГРУПНА РАБОТА)

| 1 група | 2 група | 3 група |
|---|---|---|
| Направете шема за политичкиот систем со материјали за вашата земја | Направете шема за политичкиот систем со материјали за друга земја | Направете шема за политичкиот систем со изворен материјал од наставникот. Наставникот ќе им даде мешани материјали и извадоци од шемата на неговиот прирачник |

### 8. УСМЕНА ИСТОРИЈА

- Да се состави прашалник за интервју – личност по ваш избор
- Да се состави прашалник за ставовите на малцинствата од вашата земја